Збирка решени задачи по предметот напредно програмирање

Ѓорѓи Маџаров
Стефан Андонов

Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство - Скопје
Скопје, 2023

Издавач:
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје
www.ukim@ukim.edu.mk

Уредник за издавачка дејност на УКИМ:
проф. д-р Никола Јанкуловски, ректор

Уредник на публикацијата:
проф. д-р Ѓорѓи Мацаров, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство – Скопје

Рецензенти:
1. д-р Ивица Димитровси
   редовен професор
   Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство - Скопје
   Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје
2. д-р Иван Китановски
   вонреден професор
   Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство - Скопје
   Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

Техничка обработка:
д-р Ѓорѓи Мацаров
м-р Стефан Андонов

Лектура на македонски јазик:
м-р Маја Тефова

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски Скопје

004.434.045Java(075.8)(076)

МАЦАРОВ, Горѓи
Збирка решени задачи по предметот напредно програмирање [Електронски извор] / Горѓи Мацаров, Стефан Андонов. - Скопје : Универзитет "Св. Кирил и Методиј Скопје, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, 2023

Начин на пристапување (URL):
http://www.ukim.edu.mk/mk_content.php?meni=53&glavno=41. - Текст во PDF формат, содржи 151 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 08.02.2023. - Регистар

ISBN 978-9989-43-484-6

1. Андонов, Стефан [автор]
а) Компјутерско програмирање -- Java(програмски јазик) --
Објектно-ориентирано програмирање -- Високошколски учебници -- Вежби

COBISS.MK-ID 59320837

Содржина

1. Објектно-ориентирано програмирање во Јава

Објектно-ориентираното програмирање или скратено ООП е доминантна програмска парадигма што ги заменува структурираните или процедуралните техники на програмирање, развиени во седумдесетите години на дваесетиот век. Објектно-ориентираната програма е претставена преку објекти кои меѓусебно комуницираат со испраќање на пораки.

Секој објект има одредена специфична функционалност, изложена пред корисниците и скриена имплементација. Многу објекти кои се користат во рамки на програмите се веќе дефинирани во одредени библиотеки и се користат согласно нивната постоечка дефиниција и имплементација.

Објектите кои сè уште не се дефинирани или имплементирани, корисникот треба да се погрижи за нивната дефиниција и имплементација. Дали кориникот ќе креира свој објект или истиот ќе го преземе од некоја постоечка библиотека зависи од повеќе фактори, како на пример време или буџет со кои располага. Но, во основа, сè додека некој објект ги задоволува корисничките спецификации, не е значајно кој и како ја имплементира неговата функционалност.

1.1 Класи и објекти

Во рамките на ова поглавје е дадено решение на едноставен проблем од објектно-ориентирано програмирање. Претставени се основните концепти за креирање на класа, дефинирање на нејзините членови (атрибути и методи) како и начинот на инстанцирање на објекти од соодветната класа. Опишани се основните критериуми за енкапсулација и интеракција.

> Проблем 1.1 Да се напише класа која чува низа на цели броеви `IntegerArray`. Класата треба да е `immutable`. Тоа значи дека, откако еднаш ќе се инстанцира, не може да се менува состојбата на објектот, односно не може да се менуваат податоците зачувани во него и не може да се наследува од неа `final`. За потребите

на класата треба да се имплементираат следните методи:

- `IntegerArray(int a[])` - конструктор кој прима низа од цели броеви
- `length():int` - метод кој ја враќа должината на низата
- `getElementAt(int i):int` - го враќа елементот на позиција `i`, може да претпоставите дека индексот `i` секогаш ќе има вредност во интервалот `[0,length()-1]`
- `sum():int` - метод кој ја враќа сумата на сите елементи во низата
- `average():double` - метод кој ја враќа средната вредност на елементите во низата
- `getSorted():IntegerArray` - враќа нов објект од истата класа кој ги содржи истите вредности од тековниот објект, но сортирани во растечки редослед
- `concat(IntegerArray ia):IntegerArray` - враќа нов објект од истата класа во кој се содржат сите елементи од `this` објектот и по нив сите елементи од `ia` објектот, притоа запазувајќи на нивниот редослед
- `toString():String` - враќа текстуална репрезентација на објектот каде елементите се одделени со запирка и едно празно место после запирката и на почетокот и крајот на стрингот има средни загради. Пример за низа која ги содржи боревите 2,1 и 4 враќа "[2, 1, 4]"

*Забелешка сите методи треба да се `public`

Покрај класата `IntegerArray` треба да се напише дополнително уште една класа која ќе служи за читање на низа од цели броеви од влезен тек на податоци. Оваа класа треба да се вика `ArrayReader` и во неа треба да се имплементира `public static` метод за читање на низа од цели броеви од `InputStream`.

- `readIntegerArray(InputStream input):IntegerArray` - чита низа од цели броеви од `input` зададена во следниот формат: Во првата линија има еден цел број којшто кажува колку елементи има во низата, а во наредниот ред се дадени елементите на низата одделени со едно или повеќе празни места.

```
1  import java.io.ByteArrayInputStream;
2  import java.io.IOException;
3  import java.io.InputStream;
4  import java.util.Arrays;
5  import java.util.Random;
6  import java.util.Scanner;
7
8
9  class IntegerArray {
10
11   private int a[];
12
13   public IntegerArray(int a[]) {
14     this.a = Arrays.copyOf(a, a.length);
15   }
16
17   private IntegerArray(int a[],boolean to_copy) {
18     if ( to_copy )
19       this.a = a;
20     else
21       this.a = Arrays.copyOf(a, a.length);
22   }
23
```

```
24    public int length() {
25      return a.length;
26    }
27
28    public int getElementAt(int i) {
29       return a[i];
30    }
31
32    public int sum() {
33      int sum = 0;
34      for (int e : a) sum += e;
35      return sum;
36    }
37
38    public double average() {
39      return sum() * 1.0 / length();
40    }
41
42    public IntegerArray getSorted() {
43      int sorted_a[] = Arrays.copyOf(a, length());
44      Arrays.sort(sorted_a);
45      return new IntegerArray(sorted_a);
46    }
47
48    public IntegerArray concat(IntegerArray ia) {
49      int res_a[] = new int[a.length+ia.a.length];
50      System.arraycopy(a, 0, res_a, 0, a.length);
51      System.arraycopy(ia.a, 0, res_a, a.length, ia.a.length);
52      return new IntegerArray(res_a,true);
53    }
54
55    public String toString() {
56      return Arrays.toString(a);
57    }
58
59    @Override
60    public int hashCode() {
61      final int prime = 31;
62      int result = 1;
63      result = prime * result + Arrays.hashCode(a);
64      return result;
65    }
66
67    @Override
68    public boolean equals(Object obj) {
69      if (this == obj)
70        return true;
71      if (obj == null)
72        return false;
73      if (getClass() != obj.getClass())
74        return false;
75      IntegerArray other = (IntegerArray) obj;
76      if (!Arrays.equals(a, other.a))
77        return false;
78      return true;
79    }
80  }
81
82  class ArrayReader  {
83
84    public static IntegerArray readIntegerArray(InputStream input) {
```

```
85      Scanner jin = new Scanner(input);
86      int n = jin.nextInt();
87      int a[] = new int[n];
88      for ( int i = 0 ; i < n ; ++i ) {
89        a[i] = jin.nextInt();
90      }
91      jin.close();
92      return new IntegerArray(a);
93    }
94  }
95
96  public class IntegerArrayTester {
97
98      public static void main(String[] args) {
99          Scanner scanner = new Scanner(System.in);
100         String s = scanner.nextLine();
101         IntegerArray ia = null;
102         switch (s) {
103             case "testSimpleMethods":
104                 ia = new IntegerArray(generateRandomArray(scanner.nextInt()
    ));
105                 testSimpleMethods(ia);
106                 break;
107             case "testConcat":
108                 testConcat(scanner);
109                 break;
110             case "testEquals":
111                 testEquals(scanner);
112                 break;
113             case "testSorting":
114                 testSorting(scanner);
115                 break;
116             case "testReading":
117                 testReading(new ByteArrayInputStream(scanner.nextLine().
    getBytes()));
118                 break;
119             case "testImmutability":
120                 int a[] = generateRandomArray(scanner.nextInt());
121                 ia = new IntegerArray(a);
122                 testSimpleMethods(ia);
123                 testSimpleMethods(ia);
124                 IntegerArray sorted_ia = ia.getSorted();
125                 testSimpleMethods(ia);
126                 testSimpleMethods(sorted_ia);
127                 sorted_ia.getSorted();
128                 testSimpleMethods(sorted_ia);
129                 testSimpleMethods(ia);
130                 a[0] += 2;
131                 testSimpleMethods(ia);
132                 ia = ArrayReader.readIntegerArray(new ByteArrayInputStream(
    integerArrayToString(ia).getBytes()));
133                 testSimpleMethods(ia);
134                 break;
135         }
136         scanner.close();
137     }
138
139     static void testReading(InputStream in) {
140         IntegerArray read = ArrayReader.readIntegerArray(in);
141         System.out.println(read);
142     }
```

```
143
144     static void testSorting(Scanner scanner) {
145         int[] a = readArray(scanner);
146         IntegerArray ia = new IntegerArray(a);
147         System.out.println(ia.getSorted());
148     }
149
150     static void testEquals(Scanner scanner) {
151         int[] a = readArray(scanner);
152         int[] b = readArray(scanner);
153         int[] c = readArray(scanner);
154         IntegerArray ia = new IntegerArray(a);
155         IntegerArray ib = new IntegerArray(b);
156         IntegerArray ic = new IntegerArray(c);
157         System.out.println(ia.equals(ib));
158         System.out.println(ia.equals(ic));
159         System.out.println(ib.equals(ic));
160     }
161
162     static void testConcat(Scanner scanner) {
163         int[] a = readArray(scanner);
164         int[] b = readArray(scanner);
165         IntegerArray array1 = new IntegerArray(a);
166         IntegerArray array2 = new IntegerArray(b);
167         IntegerArray concatenated = array1.concat(array2);
168         System.out.println(concatenated);
169     }
170
171     static void testSimpleMethods(IntegerArray ia) {
172         System.out.print(integerArrayToString(ia));
173         System.out.println(ia);
174         System.out.println(ia.sum());
175         System.out.printf("%.2f\n", ia.average());
176     }
177
178
179     static String integerArrayToString(IntegerArray ia) {
180         StringBuilder sb = new StringBuilder();
181         sb.append(ia.length()).append('\n');
182         for (int i = 0; i < ia.length(); ++i)
183             sb.append(ia.getElementAt(i)).append(' ');
184         sb.append('\n');
185         return sb.toString();
186     }
187
188     static int[] readArray(Scanner scanner) {
189         int n = scanner.nextInt();
190         int[] a = new int[n];
191         for (int i = 0; i < n; ++i) {
192             a[i] = scanner.nextInt();
193         }
194         return a;
195     }
196
197
198     static int[] generateRandomArray(int k) {
199         Random rnd = new Random(k);
200         int n = rnd.nextInt(8) + 2;
201         int a[] = new int[n];
202         for (int i = 0; i < n; ++i) {
203             a[i] = rnd.nextInt(20) - 5;
```

```
204         }
205         return a;
206     }
207
208 }
```

Прво се дефинира класата `IntegerArray` во која се чува само една променлива на инстанца - низа од цели броеви `a`. Со цел класата да се прогласи за `immutable`, потребно е класата да се декларира како `final`.

За класата е потребно да се дефинира конструктор со еден аргумент - низа од цели броеви чија содржина ќе биде копирана во низата од цели броеви што се чува како променлива на инстанца. За таа цел се користи готовата функционалност `Arrays.copyOf(...)`.

Методите `length()`, `getElementAt(i)`, `sum()` и `average()` имплементираат тривијални операции со низи од цели броеви.

Методот `IntegerArray getSorted()` соодветно треба да врати нов објект од класата `IntegerArray` во кој низата со цели броеви ќе биде со истите вредности од низата од `this` објектот, но истите ќе бидат сортирани. Тука е важно да се креира копија од низата што се чува во `this` објектот. Копијата да се подреди (со готовата функционалност `Arrays.sort()`) и да се испрати како аргумент во конструктор при креирање на нов објект од класата `IntegerArray`. Честа грешка при решавање на ова задача може да биде повикот на `Arrays.sort()` на низата што се чува во `this` објектот, што ќе придонесе до промена на низата во `this` објектот и во објектот што е резултат од методот.

Во методот `IntegerArray concat (IntegerArray ia)` потребно е да се врати нов објект којшто во себе ќе има низа која пак, ќе се добие како резултат на спојување на низата од `this` објектот и низата од објектот `ia`. За да не се случи промена на низата во `this` објектот, прво е потребно да се постави низа од цели броеви со должина еднаква на сумата на должините на двете низи. Потоа, со функционалноста `System.arraycopy()` се копира содржината на низата од `this` објектот, а веднаш по неа и содржината на низата во `ia` објектот. На ваков начин добиената низа се праќа како аргумент во конструкторот при креирање на резултантиот објект.

Функционалностите со влезни и излезни потоци на податоци, што се потребни во класата `ArrayReader`, ќе бидат подетално објаснати во следните поглавја.

1.2 Наследување и композиција

Во рамките на ова поглавје ќе бидат разгледани два примери кои укажуваат на начинот на кој правилно се имплементира наследување, полиморфизам и композиција во Јава. Во првата задача е ставен акцент на наследување и полиморфизам, додека во втората задача е претставен концептот на композиција на објекти.

Проблем 1.2 Треба да се креира апликација за банка која ќе управува со сметките на повеќе корисници и ќе врши трансакции помеѓу нив. Банката работи со долари.

За потребите на ваквата апликација треба да се напишат класите `Account`, `Transaction` и `Bank`. Класата `Account` претставува една сметка на еден корисник и треба да ги чува следните податоци:

- Име на корисникот,
- единствен идентификациски број (`long`)

- тековното салдо на сметката.

Оваа класа исто така треба да ги имплементира и следниве методи

- `Account(String name, double balance)` – конструктор со параметри (id-то треба да се генерира со помош на класата `java.util.Random`)
- `getBalance():double`
- `getName():String`
- `getId():long`
- `setBalance(double balance)`
- `toString():String` – враќа стринг во следниот формат

```
Name:FirstName LastName
Balance:20.00\$
```

Класата `Transaction` претставува трансакција (префрлување пари од една на друга сметка), од страна на банката за што честопати се наплаќа провизија. За почеток треба да се напише класата `Transaction` со податочни членови за идентификациските броеви на две сметки Едната од која се одземаат парите и другата на која се додаваат парите, текстуален опис и износ на трансакцијата. За оваа класа треба да се имплементираат методите:

- `Transaction(long fromId, long toId, Stirng desc, double amount)`
- `getAmount():double`
- `getFromId():long`
- `getToId():long`

Оваа класа треба да биде апстрактна, бидејќи не е наменета директно да се користи.Таа е само како основна класа за изведување на други класи. Како што беше претходно напомнато, банката наплаќа провизија за одредени трансакции. Има два типа на провизија: фиксна сума и процент. Кај фиксна сума за која било трансакција без
разлика на износот на трансакцијата се наплаќа иста провизија (пример 10$). Кај процент за секој еден долар од трансакцијата банката наплаќа одреден процент провизија (на пример 5%, или 5 центи на секој долар – процентите секогаш се цели броеви и провизија се наплаќа само на цели долари).

За да се прави разлика меѓу различните типови на провизија, треба да се напишат уште две класи кои ќе наследуваат од `Transaction` и кои треба да се именуваат како `FlatAmountProvisionTransaction` и `FlatPercentProvisionTransaction`. Првата класа `FlatAmountProvisionTransaction` треба да содржи:

- `FlatAmountProvisionTransaction(long fromId, long toId, double amount, double flatProvision)` - соодветен конструктор кој го поставува полето за опис на `FlatAmount` и
- `getFlatAmount():double`.

Слично, класата `FlatPercentProvisionTransaction` треба да има:

- `FlatPercentProvisionTransaction (long fromId, long toId, double amount, int centsPerDolar)` - конструктор кој го поставува полето за опис на `FlatPercent` и

- `getPercent():int`.

Исто така, треба да се препокрие `equals(Object o):boolean` методот и за двете класи.

Накрај треба да се имплементира класата `Bank` којашто ги чува сметките од своите корисници и дополнително врши трансакции. Класатам освен сметките на своите корисници, треба да ги чува и сопственото име и вкупната сума на трансфери, како и вкупната наплатена провизија од страна на банката за сите трансакции. Класата `Bank` треба да ги има следните методи:

- `Bank(String name, Account accounts[])` – конструктор со соодветните параметри (направете сопствена копија на низата од сметки)
- `makeTransaction(Transaction t):boolean` – врши проверка дали корисникот ги има потребните средства на сметка и дали и двете сметки на кои се однесува трансакцијата се навистина во банката. Ако и двата услови се исполнети ја извршува трансакцијата и враќа true, а во спротивно враќа false
- `totalTransfers():double` – ја дава вкупната сума на пари кои се префрлени во сите трансакции досега
- `totalProvision():double` – ја дава вкупната провизија наплатена од банката за сите извршени трансакции досега
- `toString():String` - го враќа името на банката во посебна линија во формат

```
Name: Stopanska Banka A.D. Skopje
```

по што следат податоците за сите корисници.

Провизијата се наплаќа така што на основната сума на трансакцијата се додава вредноста не провизијата и таа сума се одзема од првата сметка. За сите класи да се напишат соодветни `equals` и `hashCode` методи. ■

За задачите во кои се очекува да се користат концептите на наследување и полиморфизам, најважно е на почетокот да се идентификуваат врските помеѓу податоците и соодветно да се дизајнираат класите и нивните зависности. Во оваа задача, особено важни се дефинициите на класите за трансакции. Прво, се дефинира класата `Transaction` која е апстрактна класа и од неа се изведуваат две класи за конкретните типови на трансакции. Во задачата не е побарано, но, за класата `Transaction` да биде апстрактна потребно е да се дефинира најмалку еден апстрактен метод. Апстрактни методи се методите кои имаат дефиниција, но, не и имплементација. Во овој случај, тоа би бил методот којшто треба да ја врати провизијата за дадената трансакција (`double getProvision()`). Овој метод треба соодветно да биде препокриен во изведените класи во согласност со барањата на задачата. На овој начин, со употреба на полиморфизам, сите објекти инстанцирани од изведените класи на `Transacation` би имале различно однесување, во согласност со имплементацијата на методот `getProvision`.

```
1 import java.util.*;
2
3 class Bank {
4     private String name;
5     private Account[] accounts;
6
7     private double totalTransfers;
8     private double totalProvision;
9
```

```
10      public Bank(String name, Account[] accounts) {
11          this.name = name;
12          this.accounts = Arrays.copyOf(accounts, accounts.length);
13          this.totalTransfers = 0.0;
14          this.totalProvision = 0.0;
15      }
16
17      public boolean makeTransaction(Transaction transaction) {
18          Optional<Account> from = findAccount(transaction.getFromId());
19          Optional<Account> to = findAccount(transaction.getToId());
20          if (from.isPresent() && to.isPresent()) {
21              Account fromAccount = from.get();
22              Account toAccount = to.get();
23              double fromBalance = fromAccount.getBalance();
24              double toBalance = toAccount.getBalance();
25              double amount = transaction.getAmount();
26              double provision = transaction.getProvision();
27              if (provision + amount <= fromBalance) {
28                  if (fromAccount.getId() == toAccount.getId()) {
29                      fromBalance =
30                              toBalance = (fromBalance - provision);
31                  } else {
32                      fromBalance -= provision + amount;
33                      toBalance += amount;
34                  }
35                  fromAccount.setBalance(fromBalance);
36                  toAccount.setBalance(toBalance);
37                  updateTotals(amount, provision);
38                  return true;
39              }
40          }
41          return false;
42      }
43
44      void updateTotals(double amount, double provision) {
45          this.totalTransfers += amount;
46          this.totalProvision += provision;
47      }
48
49      Optional<Account> findAccount(long id) {
50          return Arrays.stream(accounts)
51                  .filter(each -> each.getId() == id)
52                  .findAny();
53      }
54
55      public static String toString(long amount) {
56          return String.format("%.2f$", amount / 100.);
57      }
58
59      @override
60      public String toString() {
61          StringBuilder result = new StringBuilder();
62          result.append("Name: ");
63          result.append(name);
64          result.append("\n\n");
65          Arrays.stream(accounts)
66                  .forEach(each -> result.append(each.toString()));
67          return result.toString();
68      }
69
70      @override
```

```
71      public boolean equals(Object o) {
72          if (this == o) return true;
73          if (o == null || getClass() != o.getClass()) return false;
74          Bank bank = (Bank) o;
75          return Objects.equals(name, bank.name) &&
76                  Arrays.equals(accounts, bank.accounts) &&
77                  Objects.equals(totalTransfers, bank.totalTransfers) &&
78                  Objects.equals(totalProvision, bank.totalProvision);
79      }
80
81      @override
82      public int hashCode() {
83          return Objects
84                  .hash(name, accounts, totalTransfers, totalProvision);
85      }
86
87      public double totalProvision() {
88          return totalProvision;
89      }
90
91      public double totalTransfers() {
92          return totalTransfers;
93      }
94
95      public Account[] getAccounts() {
96          return accounts;
97      }
98  }
99
100 class Account {
101     private String name;
102     private long id;
103     private double balance;
104
105     public Account(String name, double balance) {
106         this.name = name;
107         this.balance = balance;
108         this.id = new Random().nextLong();
109     }
110
111     public String getName() {
112         return name;
113     }
114
115     public void setName(String name) {
116         this.name = name;
117     }
118
119     public long getId() {
120         return id;
121     }
122
123     public void setId(long id) {
124         this.id = id;
125     }
126
127     public double getBalance() {
128         return balance;
129     }
130
131     public void setBalance(double balance) {
```

```
132         this.balance = balance;
133     }
134 
135     @override
136     public String toString() {
137         return String
138                 .format("Name: %s\nBalance: %s\n", name, balance);
139     }
140 
141     @override
142     public boolean equals(Object o) {
143         if (this == o) return true;
144         if (o == null || getClass() != o.getClass()) return false;
145         Account account = (Account) o;
146         return Objects.equals(id, account.id);
147     }
148 
149     @override
150     public int hashCode() {
151         return Objects.hash(id);
152     }
153 }
154 
155 class FlatAmountProvisionTransaction extends Transaction {
156 
157     private final double flatAmount;
158 
159     public FlatAmountProvisionTransaction(long fromId, long toId,
160                                           double amount,
161                                           double flatAmount) {
162         super(fromId, toId, amount, "FlatAmount");
163         this.flatAmount = flatAmount;
164     }
165 
166     @override
167     public double getProvision() {
168         return flatAmount;
169     }
170 
171     public double getFlatAmount() {
172         return flatAmount;
173     }
174 }
175 
176 class FlatPercentProvisionTransaction extends Transaction {
177     private final int percent;
178 
179     public FlatPercentProvisionTransaction(long fromId, long toId,
180                                            double amount,
181                                            int percent) {
182         super(fromId, toId, amount, "FlatPercent");
183         this.percent = percent;
184     }
185 
186     @override
187     public double getProvision() {
188         long amount = (long) this.amount / 100;
189         return percent * amount;
190     }
191 
192     public int getPercent() {
```

```
193         return percent;
194     }
195 }
196
197
198 abstract class Transaction {
199     final long fromId;
200     final long toId;
201     final double amount;
202     final String description;
203
204     public Transaction(long fromId, long toId, double amount,
205                        String description) {
206         this.fromId = fromId;
207         this.toId = toId;
208         this.amount = amount;
209         this.description = description;
210     }
211
212     public long getFromId() {
213         return fromId;
214     }
215
216     public long getToId() {
217         return toId;
218     }
219
220     public double getAmount() {
221         return amount;
222     }
223
224     public abstract double getProvision();
225
226     @override
227     public boolean equals(Object o) {
228         if (this == o) return true;
229         if (o == null || getClass() != o.getClass()) return false;
230         Transaction that = (Transaction) o;
231         return Objects.equals(fromId, that.fromId) &&
232                 Objects.equals(toId, that.toId) &&
233                 Objects.equals(amount, that.amount) &&
234                 Objects.equals(description, that.description);
235     }
236
237     @override
238     public int hashCode() {
239         return Objects.hash(fromId, toId, amount, description);
240     }
241
242     public String getDescription() {
243         return description;
244     }
245 }
246
247 public class BankTester {
248
249     public static void main(String[] args) {
250         Scanner jin = new Scanner(System.in);
251         String bank_name = jin.nextLine();
252         int num_accounts = jin.nextInt();
253         jin.nextLine();
```

```
254         Account accounts[] = new Account[num_accounts];
255         for (int i = 0; i < num_accounts; ++i)
256             accounts[i] = new Account(jin.nextLine(),
257                     Double.parseDouble(jin.nextLine()));
258         Bank bank = new Bank(bank_name, accounts);
259         while (true) {
260             String line = jin.nextLine();
261             switch (line) {
262                 case "stop":
263                     return;
264                 case "transaction":
265                     String descrption = jin.nextLine();
266                     double amount =
267                             Double.parseDouble(jin.nextLine());
268                     double parameter =
269                             Double.parseDouble(jin.nextLine());
270                     int from_idx = jin.nextInt();
271                     int to_idx = jin.nextInt();
272                     jin.nextLine();
273                     Transaction t =
274                             getTransaction(descrption, from_idx,
275                                     to_idx, amount, parameter, bank);
276                     System.out.println(
277                             "Transaction amount: " + t.getAmount());
278                     System.out.println("Transaction description: " +
279                             t.getDescription());
280                     System.out.println("Transaction successful? " +
281                             bank.makeTransaction(t));
282                     break;
283                 case "print":
284                     System.out.println(bank.toString());
285                     System.out.println("Total provisions: " +
286                             bank.totalProvision());
287                     System.out.println("Total transfers: " +
288                             bank.totalTransfers());
289                     System.out.println();
290                     break;
291             }
292         }
293     }
294
295     private static Transaction getTransaction(String description,
296                                               int from_idx,
297                                               int to_idx,
298                                               double amount, double o,
299                                               Bank bank) {
300         switch (description) {
301             case "FlatAmount":
302                 return new FlatAmountProvisionTransaction(
303                         bank.getAccounts()[from_idx].getId(),
304                         bank.getAccounts()[to_idx].getId(), amount,
305                         o);
306             case "FlatPercent":
307                 return new FlatPercentProvisionTransaction(
308                         bank.getAccounts()[from_idx].getId(),
309                         bank.getAccounts()[to_idx].getId(), amount,
310                         (int) o);
311         }
312         return null;
313     }
314 }
```

Методот `makeTransacation(Transaction t)` во класата `Bank` е најкомплексен за имплементација. Во истиот, потребно е да се извршат неколку валидации пред да се реализира самата трансакција. Дополнително, потребно е да се внимава методот да не стане предолг, а со тоа и тежок за разбирање и тестирање. За таа цел, за првата валидација (дали постојат сметките на испраќачот и примачот) се користи помошен приватен метод `findAccount(long id)`. Доколку се најдат и двете сметки, се проверува дали испраќачот има средства за да го покрие износот на трансакција, но, и провизијата за истата. Доколку тој услов е исполнет, од сметката на испраќачот се одзема износот и провизијата на трансакцијата, а на сметката на примачот се додава износот на трансакцијата. Соодветно се ажурираат и записите на банката со методот `updateTotals(long amount, long provision)`.

Проблем 1.3 Да се имплементира класа `Canvas` на која ќе чуваат различни форми. За секоја форма се чува:

- `id:String`
- `color:Color` (enum дадена)

Притоа сите форми треба да имплементираат два интерфејси:

- `Scalable` - дефиниран со еден метод `void scale(float scaleFactor)` за соодветно зголемување/намалување на формата за дадениот фактор
- `Stackable` - дефиниран со еден метод `float weight()` кој враќа тежина на формата (се пресметува како плоштина на соодветната форма)

Во класата `Canvas` да се имплементираат следните методи:

- `void add(String id, Color color, float radius)` за додавање круг
- `void add(String id, Color color, float width, float height)` за додавање правоаголник
  - При додавањето на нова форма, во листата со форми таа треба да се смести на соодветното место според нејзината тежина. Елементите постојано се подредени според тежината во опаѓачки редослед.
- `void scale(String id, float scaleFactor)` - метод кој ја скалира формата со даденото `id` за соодветниот `scaleFactor`. Притоа ако има потреба, треба да се изврши преместување на соодветните форми, за да се задржи подреденоста на елементите.
  Не смее да се користи сортирање на листата.
- `toString()` - враќа стринг составен од сите фигури во нов ред. За секоја фигура се додава:
  - `C: [id:\%5s] [color:\%10s] [weight:\%10.2f]` ако е круг
  - `R: [id:\%5s] [color:\%10s] [weight:\%10.2f]` ако е правоаголник

■

Во оваа задача треба да постојат два типа на форми (кругови и правоаголници), при што и двете форми ќе бидат скалабилни и ќе може да се измери нивната тежина. Скалабилноста на формите и мерењето на нивната тежина е овозможено преку два интерфејси `Scalable` и `Stackable` што треба да ги имплементираат и двете форми.

Бидејќи круговите и правоаголниците имаат два заеднички податоци (ИД и боја), се дефинира основна класа `Shape` во која се дефинирани овие полиња. Класите `Circle` и `Rectangle` соодветно наследуваат од класата `Shape`.

Бидејќи сите типови на форми треба да ги имплементираат интерфејсите `Scalable` и `Stackable`, нивната имплементација се декларира директно во класата `Shape`. Во

оваа класа, методите нема да се имплементираат, па со тоа класата станува апстрактна класа.

Класите `Rectangle` и `Circle` наследуваат од `Shape` и ги имплементираат методите дефинирани во рамки на интерфејсите. Во методот `scale(float scaleFactor)` се множат сите димензии на формата со `scaleFactor` , додека пак во методот `weight()` се пресметува плоштината на формата според соодветната математичка формула.

Во класата `Canvas` се чува листа од форми (објекти инстанцирани од изведените класи на класата `Shape`) кои се референцирани од референци од класата `Shape` .

Во ова задача е претставен и концептот на преопотоварување (анг. overloading) на методи, преку имплементацијата на методите со име `add` и нивниот различен потпис.

```
import java.util.ArrayList;
import java.util.List;
import java.util.Scanner;

enum Color {
    RED, GREEN, BLUE
}

abstract class Shape implements Scaleble, Stackable {
    protected String id;
    protected Color color;

    public Shape(String id, Color color) {
        this.id = id;
        this.color = color;
    }
}

interface Stackable {
    public float weight();
}

interface Scaleble {
    public void scale(float scaleFactor);
}

class Circle extends Shape {
    float r;

    public Circle(String id, Color color, float r) {
        super(id, color);
        this.r = r;
    }

    @Override
    public void scale(float scaleFactor) {
        r *= scaleFactor;
    }

    @Override
    public float weight() {
        return (float) (Math.PI * r * r);
    }

    @Override
    public String toString() {
        return String
                .format("C: %-5s%-10s%10.2f\n", id, color, weight());
```

```
49      }
50
51  }
52
53  class Rectangle extends Shape {
54      float width, height;
55
56      public Rectangle(String id, Color color, float width,
57                       float height) {
58          super(id, color);
59          this.width = width;
60          this.height = height;
61      }
62
63      @Override
64      public void scale(float scaleFactor) {
65          width *= scaleFactor;
66          height *= scaleFactor;
67      }
68
69      @Override
70      public float weight() {
71          return width * height;
72      }
73
74      @Override
75      public String toString() {
76          return String
77                  .format("R: %-5s%-10s%10.2f\n", id, color, weight());
78      }
79
80  }
81
82  class Canvas {
83      List<Shape> shapes;
84
85      public Canvas() {
86          shapes = new ArrayList<Shape>();
87      }
88
89      int find(float weight) {
90          for (int i = 0; i < shapes.size(); ++i) {
91              if (shapes.get(i).weight() < weight) {
92                  return i;
93              }
94          }
95          return shapes.size();
96      }
97
98      public void add(String id, Color color, float radius) {
99          Circle c = new Circle(id, color, radius);
100         int index = find(c.weight());
101         this.shapes.add(index, c);
102     }
103
104     public void add(String id, Color color, float width,
105                     float height) {
106         Rectangle rect = new Rectangle(id, color, width, height);
107         int index = find(rect.weight());
108         this.shapes.add(index, rect);
109     }
```

```
110
111     public void scale(String id, float scaleFactor) {
112         Shape s = null;
113         for (int i = shapes.size() - 1; i >= 0; i--) {
114             if (shapes.get(i).id.equals(id)) {
115                 s = shapes.get(i);
116                 shapes.remove(i);
117                 break;
118             }
119         }
120         s.scale(scaleFactor);
121         int index = find(s.weight());
122         shapes.add(index, s);
123     }
124
125     @Override
126     public String toString() {
127         StringBuilder sb = new StringBuilder();
128         for (Shape shape : shapes) {
129             sb.append(shape);
130         }
131         return sb.toString();
132     }
133 }
134
135 public class ShapesTest {
136     public static void main(String[] args) {
137         Scanner scanner = new Scanner(System.in);
138         Canvas canvas = new Canvas();
139         while (scanner.hasNextLine()) {
140             String line = scanner.nextLine();
141             String[] parts = line.split(" ");
142             int type = Integer.parseInt(parts[0]);
143             String id = parts[1];
144             if (type == 1) {
145                 Color color = Color.valueOf(parts[2]);
146                 float radius = Float.parseFloat(parts[3]);
147                 canvas.add(id, color, radius);
148             } else if (type == 2) {
149                 Color color = Color.valueOf(parts[2]);
150                 float width = Float.parseFloat(parts[3]);
151                 float height = Float.parseFloat(parts[4]);
152                 canvas.add(id, color, width, height);
153             } else if (type == 3) {
154                 float scaleFactor = Float.parseFloat(parts[2]);
155                 System.out.println("ORIGNAL:");
156                 System.out.print(canvas);
157                 canvas.scale(id, scaleFactor);
158                 System.out.printf("AFTER SCALING: %s %.2f\n", id,
159                         scaleFactor);
160                 System.out.print(canvas);
161             }
162         }
163     }
164 }
```

2. Исклучоци

Вообичаено, при решавање на одредени проблеми потребно е да се изградат две одделни стратегии. Првата стратегија се однесува на посакуваниот тек на настани, кога решавањето на проблемот се одвива во согласност со направениот план и реализацијата на парцијалните активности е според предвидените очекувања. Втората стратегија се однесува на предвидување и решавање на ситуациите кои не се во согласност со посакуваниот тек на настани. Најчесто, оваа стратегија се однесува на справување со исклучителните ситуации во кои можеме да се најдеме при решавање на проблемите. Овој пристап, целосно може да се преслика при решавање на софтверските задачи. Повеќе програмски јазици нудат директна поддршка за справување со т.н. исклучителни ситуации во коишто може да се најде нашата програма. Тоа се прави со помош на механизамот исклучок. Исклучоците се настани што се случуваат за време на извршувањето на програмите и истите го менуваат нејзиниот нормален тек (на пр. делење со нула, пристап до низа од елементи надвор од нејзините граници, итн.). Во Јава, исклучок е објект што енкапсулира настан за грешка што се случил во методот и содржи:

- информации за грешката, вклучувајќи го и неговиот тип
- состојбата на програмата пред појавата на грешката
- други дополнителни информации

Исклучокот може да биде фрлен во даден метод и истиот да биде фатен, се со цел правилно и навремено да се справиме со него. Исклучоците се користат за опишување на многу различни типови на состојби на грешка.

Исклучоците го одделуваат кодот за справување со настанатите грешки од регуларниот код. Користењето на исклучоците обезбедува почист и почитлив код. Со помош на исклучоците, грешките се пропагираат, односно вгнездените методи не мора експлицитно да се справуваат со грешките што доведува до помалку работа и посигурен код. Дефинирањето на класи за исклучоци овозможува групирање на типовите на грешки според нивната родител-класа и/или нивна идентификација според нивната вистинска класа. Со други зборови, исклучоците го стандардизираат справувањето со

грешки во рамките на програмите.

Во програмскиот јазик Јава, исклучок е објект којшто е секогаш инстанца на класа изведена од `Throwable` . Јава дефинира неколку типови на исклучоци во рамки на постоечките библиотеки. Исто така, Јава им овозможува на корисниците да дефинираат сопствени типови на исклучоци, ако вградените исклучоци не одговараат на нивните потреби.

2.1 Вградени исклучоци

Вградените исклучоци се достапни во стандардните библиотеки на Јава. Овие исклучоци се погодни за објаснување на одредени ситуации во кои се генерираат грешки. Во продолжение, даден е списокот на важни вградени исклучоци во Јава.

- `ArithmeticException` - се фрла при појава на исклучителна состојба во аритметичка операција.
- `ArrayIndexOutOfBoundsException` - се фрла за да се покаже дека пристапот до елемент од низата се прави со невалиден индекс. Индексот е негативен, поголем од или еднаков на големината на низата.
- `ClassNotFoundException` - овој исклучок се фрла кога се обидуваме да пристапиме до класа чија дефиниција не е пронајдена
- `FileNotFoundException` - овој исклучок се фрла кога датотеката не е достапна или истата не се отвора.
- `IOException` - се фрла кога операцијата за влез-излез нема да успее или истата ќе биде прекината.
- `InterruptedException` - се фрла кога конкретна нишка (анг. thread) чека, спие или процесира, и истата е прекината.
- `NoSuchFieldException` - се фрла кога дадена класа не го содржи специфицираното поле (или променлива).
- `NoSuchMethodException` - се фрла при обид за пристап до метод што не постои.
- `NullPointerException` - овој исклучок се фрла при пристап до празен (анг. null) објект.
- `NumberFormatException` - овој исклучок се фрла кога методот не може да конвертира низа од знаци во нумерички формат.
- `RuntimeException` - претставува каков било исклучок што се случува за време на извршување на програмата.

Проблем 2.1 Да се напише пример: програма за користење на вградената имплементација на исклучокот `ArrayIndexOutOfBoundException` ■

```
1  class ArrayIndexOutOfBoundTester
2  {
3    public static void main(String args[])
4    {
5      try{
6        int a[] = new int[10];
7        a[15] = 1;
8      }
9      catch(ArrayIndexOutOfBoundsException e){
10       System.out.println ("Array Index is Out Of Bounds");
11     }
12   }
13 }
```

Проблем 2.2 Да се напише пример програма за користење на вградената имплементација на исклучокот `FileNotFoundException` ■

```
import java.io.File;
import java.io.FileNotFoundException;
import java.io.FileReader;
class File_notFound_Demo {

  public static void main(String args[]) {
    try {
      // Following file does not exist
      File file = new File("E://file.txt");
      FileReader fr = new FileReader(file);
    } catch (FileNotFoundException e) {
        System.out.println("File does not exist");
    }
  }
}
```

2.2 Кориснички дефинирани исклучоци

Кодот што се извршува може да наиде на проблем што не може да се опише од стандардните (вградени) класи на исклучоци. Во овој случај, потребно е корисникот да дефинира свој тип на исклучок преку наследување на класата `Exception` или која било друга класа, којашто директно или индиректно наследува од класата `Exception`. Вообичаено, се имплементира стандардниот конструктор и преотоварен конструктор со сите детали за проблемот што корисникот сака да ги пренесе.

Проблем 2.3 Треба да се развие систем за електронска нарачка од пицерија. Менито на пицеријата се состои од следново:

- Pizza:
  - Standard: 10$
  - Pepperoni: 12$
  - Vegetarian: 8$
- Extra
  - Ketchup 3$
  - Coke 5$

За да се претстави менито, секоја ставка треба да имплементира интерфејс `Item` кој опишува една ставка од менито и ги дефинира следниве методи:

- `int getPrice()` - ја дава цената за конкретната ставка

Следно, потребно е да се дефинираат две класи `ExtraItem` и `PizzaItem` за да може да правите разлика меѓу пици и останатите работи во нарачката. И двете класи треба да имаат еден конструктор кој прима еден `String` аргумент.

- `ExtraItem(String type)` - валидни вредности за `type` се `Coke,` и `Ketchup`
- `PizzaItem(String type)` - валидни вредности за `type` се `Standard`, `Pepperoni` и `Vegetarian`

Ако за `type` се проследи некоја невалидна вредност (која ја нема на менито) треба да се фрли исклучок `InvalidExtraTypeException`, односно

`InvalidPizzaTypeException`.

Последно имплементирајте ја класата `Order`. Таа треба да ги нуди следните функционалности:

- `Order()` - креира нова празна нарачка
- `addItem(Item item, int count)` - соодветната ставка се додава во нарачката (`count` означува колку примероци сакаме од дадената ставка). Ако `count` е поголем од 10 се фрла исклучок `ItemOutOfStockException(item)`. Доколку во нарачката веќе ја има соодветната ставка `Item`, тогаш истата се заменува со нова. Следниот код резултира со нарачка со една стандардна пица:

```
Order order = new Order();
order.addItem(new PizzaItem("Standard"), 2);
order.addItem(new PizzaItem("Standard"), 1);
```

- `getPrice():int` - ја враќа вкупната цена на нарачката
- `displayOrder()` - ја печати содржината на нарачката со соодветни редни броеви пред секоја ставка, името, количината и збирна сума на ставката, како и вкупна сума за целата нарачка. За редниот број се резервирани 3(три) места порамнети надесно, за имињата на ставките се резервирани 15(петнаесет) места со порам-нување налево, за кардиналноста две места порамнети надесно и за цената на една
ставка 5(пет) места порамнети надесно. За "Total:" се резервирани 22(дваесет и две) места со
порамнување налево и за вкупната цена 5(пет) места порамнети надесно. Пример:

```
  1.Standard       x 2   20$
  2.Vegetarian     x 1    8$
  3.Coke           x 3   15$
Total:                   43$
```

Редоследот по кој се печатат ставките е оној по кој тие се внесувани во нарачката. Доколку некоја ставка се внесе повторно, нејзиното место не се менува.

- `removeItem(int idx)` - се отстранува нарачката со даден индекс (сите нарачки со поголеми индекси се поместуваат налево). Доколку не постои нарачка со таков индекс треба да се фрли исклучок `ArrayIndexOutOfBoundsException(idx)`
- `lock()` - ја заклучува нарачката. За да може нарачката да се заклучи треба истата да има барем една ставка, во спротивно фрлете исклучок `EmptyOrderException`.

Откако ќе се заклучи нарачката треба веќе да не може да се менува со методите `removeItem`, `addItem`. Повикот на овие методи резултира со исклучок од типот `OrderLockedException`.

■

При решавање на задачи во коишто има можност да се случи неочекуван тек на настани, потребно е да се употреби механизмот за фрлање и справување на исклучоци. При решавање на вакви задачи важно е:

1. Да се идентификува каде во кодот би можел да се појави неочекуваниот настан, па соодветно таму да се креира и фрли исклучок.
2. Да се опфати повикот кон потенцијално ризичниот код (метод, конструктор) со `try/catch` блок за да се дефинира однесување при исклучок. Треба да се има во предвид дека интерпретерите на повеќето околини за развој, сами даваат сугестија во кој дел од кодот треба да се додаде овој блок.

```
import java.util.ArrayList;
import java.util.Optional;
import java.util.Scanner;
import java.util.stream.IntStream;

interface Item {
    boolean isPizza();

    int getPrice();

    String getType();
}

enum ExtraType {
    Coke(0), OrangeJuice(1), Ketchup(2);

    private int value;
    private int cost;

    ExtraType(int value) {
        this.value = value;
        if (value == 0) cost = 5;
        else if (value == 1) cost = 8;
        else if (value == 2) cost = 3;
    }

    public int getCost() {
        return cost;
    }

    public int getValue() {
        return value;
    }
}

enum PizzaType {
    Standard(0), Pepperoni(1), Extra_cheese(2), Vegetarian(3);
    private int value;
    private int cost;

    PizzaType(int value) {
        this.value = value;
        switch (value) {
            case 0:
                cost = 10;
                break;
            case 1:
                cost = 12;
                break;
            case 2:
                cost = 15;
                break;
            case 3:
```

```
54                  cost = 8;
55                  break;
56          }
57      }
58
59      public int getCost() {
60          return cost;
61      }
62
63      public int getValue() {
64          return value;
65      }
66  }
67
68  class EmptyOrder extends Exception {
69      public EmptyOrder() {
70          this("The order must not be empty");
71      }
72
73      public EmptyOrder(String message) {
74          super(message);
75      }
76  }
77
78
79  class ExtraItem implements Item {
80      private ExtraType type;
81
82      public ExtraItem(String type) throws InvalidExtraTypeException {
83          try {
84              this.type = ExtraType.valueOf(type);
85          } catch (IllegalArgumentException e) {
86              throw new InvalidExtraTypeException(type);
87          }
88      }
89
90      public ExtraItem(ExtraType type) {
91          this.type = type;
92      }
93
94      public int getPrice() {
95          return type.getCost();
96      }
97
98      public boolean isPizza() {
99          return false;
100     }
101
102     @Override
103     public String getType() {
104         return type.name();
105     }
106 }
107
108 class PizzaItem implements Item {
109     private PizzaType type;
110
111     public PizzaItem(String type) throws InvalidPizzaTypeException {
112         try {
113             this.type = PizzaType.valueOf(type);
114         } catch (IllegalArgumentException e) {
```

```
115             throw new InvalidPizzaTypeException();
116         }
117     }
118
119     @Override
120     public int getPrice() {
121         return type.getCost();
122     }
123
124     public boolean isPizza() {
125         return true;
126     }
127
128     @Override
129     public String getType() {
130         return type.name();
131     }
132 }
133
134 class InvalidExtraTypeException extends Exception {
135     public InvalidExtraTypeException(String type) {
136         super(type);
137     }
138
139     public InvalidExtraTypeException() {
140         this("Nepoznat tip");
141     }
142 }
143
144 class ItemOutOfStockException extends Exception {
145     private Item item;
146
147     public ItemOutOfStockException(Item item) {
148         this.item = item;
149     }
150
151     public ItemOutOfStockException() {
152         this("Unknown item is out of stock");
153     }
154
155     public ItemOutOfStockException(String message) {
156         super(message);
157     }
158
159     public Item getItem() {
160         return item;
161     }
162 }
163
164 class Order {
165     private class OrderItem {
166         private final Item item;
167         private int count;
168
169         public Item getItem() {
170             return item;
171         }
172
173         public int getCount() {
174             return count;
175         }
```

```
176
177         public OrderItem(Item item, int count) {
178             this.item = item;
179             this.count = count;
180         }
181
182         public void setCount(int count) {
183             this.count = count;
184         }
185
186         public int getPrice() {
187             return getItem().getPrice() * getCount();
188         }
189
190     }
191
192     private ArrayList<OrderItem> items;
193
194     private boolean locked;
195
196     public Order() {
197         items = new ArrayList<>();
198         locked = false;
199     }
200
201     public void addItem(Item item, int count)
202             throws OrderLockedException, ItemOutOfStockException {
203         if (locked) {
204             throw new OrderLockedException();
205         }
206         if (count > 10) {
207             throw new ItemOutOfStockException(item);
208         }
209         Optional<OrderItem> orderItem = items.stream()
210                 .filter(each -> each.getItem().getType()
211                         .equals(item.getType()))
212                 .findFirst();
213         if (orderItem.isPresent()) {
214             orderItem.ifPresent(oi -> oi.setCount(count));
215             return;
216         }
217         items.add(new OrderItem(item, count));
218     }
219
220     public void removeItem(int index) throws OrderLockedException {
221         if (locked) {
222             throw new OrderLockedException();
223         }
224         items.remove(index);
225     }
226
227     public int getPrice() {
228         return items.stream()
229                 .mapToInt(OrderItem::getPrice)
230                 .sum();
231     }
232
233     public void displayOrder() {
234         IntStream.range(0, items.size())
235                 .forEach(i -> {
236                     OrderItem order = items.get(i);
```

```
                    System.out.printf("%3d.%-15sx%2d%5d$\n", i + 1,
                            order.getItem().getType(),
                            order.getCount(), order.getPrice());
                });
        System.out.printf("%-22s%5d$\n", "Total:", getPrice());
    }

    public void lock() throws EmptyOrder {
        if (items.size() == 0) {
            throw new EmptyOrder();
        }
        locked = true;
    }
}

class InvalidPizzaTypeException extends Exception {
    public InvalidPizzaTypeException() {
    }
}

class OrderLockedException extends Exception {
    private static final long serialVersionUID = 1L;

    public OrderLockedException() {
    }
}

public class PizzaOrderTest {

    public static void main(String[] args) {
        Scanner jin = new Scanner(System.in);
        int k = jin.nextInt();
        if (k == 0) { // test order with removing
            Order order = new Order();
            while (true) {
                try {
                    String type = jin.next();
                    String name = jin.next();
                    Item item = null;
                    if (type.equals("Pizza")) item = new PizzaItem(name);
                    else item = new ExtraItem(name);
                    if (!jin.hasNextInt()) break;
                    order.addItem(item, jin.nextInt());
                } catch (Exception e) {
                    System.out.println(e.getClass().getSimpleName());
                }
            }
            jin.next();
            System.out.println(order.getPrice());
            order.displayOrder();
            while (jin.hasNextInt()) {
                try {
                    int idx = jin.nextInt();
                    order.removeItem(idx);
                } catch (Exception e) {
                    System.out.println(e.getClass().getSimpleName());
                }
            }
            System.out.println(order.getPrice());
            order.displayOrder();
        }
```

```
298         if (k == 1) { //test locking & exceptions
299             Order order = new Order();
300             try {
301                 order.lock();
302             } catch (Exception e) {
303                 System.out.println(e.getClass().getSimpleName());
304             }
305             try {
306                 order.addItem(new ExtraItem("Coke"), 1);
307             } catch (Exception e) {
308                 System.out.println(e.getClass().getSimpleName());
309             }
310             try {
311                 order.lock();
312             } catch (Exception e) {
313                 System.out.println(e.getClass().getSimpleName());
314             }
315             try {
316                 order.removeItem(0);
317             } catch (Exception e) {
318                 System.out.println(e.getClass().getSimpleName());
319             }
320         }
321     }
322
323 }
```

Во оваа задача можат да се идентификуваат неколку ситуации во кои може да се наруши очекуваниот тек на извршување на настаните:

1. При креирање на објекти од тип `ExtraItem` или `PizzaItem`, во конструкторите на овие две класи, текстот што се добива како аргумент потребно е да се конвертира во објект од соодветната енумерација. Овој дел од кодот е опфатен со `try/catch` блок. Доколку успешно се креира објектот од тип `enum`, ќе се креира и објект од тип `ExtraItem/PizzaItem`. Во спротивно, методот `valueOf` од соодветните енумерации ќе фрли исклучок од тип `InvalidArgumentException` и програмата ќе продолжи во `catch` делот дефиниран за овој тип на исклучок. Во `catch` блокот, дополнително ќе биде фрлен кориснички дефинираниот исклучок од тип `InvalidPizzaTypeException`, односно `InvalidExtraTypeException`. Ова ќе направи прекин на креирањето на објектите во соодветните конструктори, односно, ќе спречи креирање на невалиден објект. За овој исклучок треба да се обезбеди механизам за справување со исклучоци (`try/catch` блок), каде што има опасност исклучокот да биде фрлен. А, тоа е насекаде каде што има повици до конструкторите на класите `ExtraItem` и `PizzaItem`. Вообичаено, не е добра практика конструкторите да фрлаат исклучок. Валидацијата на вредностите на аргументите вообичаено се прави претходно во соодветни валидатори, но заради поедноставување на решението, истото е направено во рамки на конструкторот
2. Во методот `addItem` се фрла исклучок од тип `ItemOutOfStockException` при обид да се додаде ставка со количина поголема од 10. Соодветно, се обезбедува механизам за справување со исклучокот (`try/catch` блок) секаде каде се повикува методот `addItem`.
3. Во класата нарачка се чува `bool` променлива `locked` која иницијално е поставена на `false` (нарачката е отворена), но со повик на методот `lock()` може да се заклучи нарачката, односно променливата `locked` да се постави на `true`.

Во методите `addItem` и `removeItem` потребно е да се фрли исклучок од тип `OrderLockedException` доколку нарачката е веќе заклучена. За справување со овој исклучок потребно е повиците на методите `addItem` и `removeItem` да бидат опфатени `try/catch` блок.

4. Во методот `lock()` треба да се направи проверка дали нарачката има барем една ставка. Во случај кога листата со ставки е празна треба да се фрли исклучок од тип `EmptyOrderException` .
5. При обид за бришење на нарачка на позиција што е надвор од граници на низата. Во овој случај постојат две опции:
   - Доколку структурата за чување на податоци за нарачки е обична низа, во кодот на методот `removeItem` треба да се направи проверка дали индексот `idx` е во граници од 0(нула) до големината на низата со ставки. Доколку ова не е исполнето, да се фрли исклучок од тип `ArrayIndexOutOfBounds(idx)` .
   - Доколку се користи класата `ArrayList` за чување на нарачки, нејзините методи за пристап до елементите преку нивната позиција во рамки на листата директно фрлаат исклучок од тип `ArrayIndexOutOfBounds` (овој исклучок е веќе дефиниран во пакетот `java.lang`). Справувањето со овој исклучок е единствен за двата пристапи, односно, употреба на `try/catch` блок насекаде каде се повикува методот `removeItem` .

3. Читање и запишување на податоци

Во оваа глава ќе бидат презентирани класите кои се поставени во `java.util` пакетот и се наменети за читање од влезен поток од податоци и запишување на излезен поток од податоци. Овие класи најчесто се употребуваат за читање од тастатура или влезна датотека, односно запишување на екран или во излезна датотека. Во заедницата се познати и како класи за влез/излез (анг. I/O). Во задачите се покажува како правилно да се користат класите наменети за читање од влезен поток на податоци и како правилно да се форматираат и постават податоци на излезен поток.

3.1 Користење на класата `Scanner` за читање на податоци

Класата `Scanner` најчесто се користи за читање на податоци од тастатура и текстуална датотека. Едноставна замена на аргументот `System.in` (во конструкторот на класата `Scanner`) со соодветен објект за репрезентација на поток на податоци којшто е поврзан со текстуалната датотека овозможува читање на текстуалната датотека.

```
Scanner StreamObject = new Scanner(new FileInputStream(FileName));
```

Методите на `Scanner` класата овозможуваат читање од кој било влезен поток на податоци (во случајот читање од тастатура и текстуална датотека). Класата `Scanner` го дели влезот од податоци на токени користејќи сепаратор (празно место како предефинирана вредност). Добиените токени можат да се конвертираат во вредности од различни типови со користење на неговите интерфејсни методи.

Проблем 3.1 Да се имплементира класа `Subtitles` која ќе чита од влезен тек (стандарден влез, датотека, ...) превод, во стандарден `srt` формат. Секој еден елемент од преводот се состои од реден број, време на почеток на прикажување, време на крај на прикажување и текст кој е во следниот формат (пример):

```
2
```

```
00:00:48,321 --> 00:00:50,837
Let's see a real bet.
```

Делот со текстот може да има повеќе редови. Сите елементи се разделени со еден нов ред.

Ваша задача е да ги имплементирате методите:

- `Subtitles()` - предефиниран конструктор
- `int loadSubtitles(InputStream inputStream)` - метод за читање на преводот (враќа резултат колку елементи се прочитани)
- `void print()` - го печати прочитаниот превод во истиот формат како и при читањето.
- `void shift(int ms)` - ги поместува времињата на сите елементи од преводот за бројот на милисекунди кои се проследува како аргумент (може да биде негативен, со што се поместуваат времињата наназад).

■

При решавање на задачи во кои е потребно да се прочитаат податоци од влезен поток од податоци, многу е важно прво да се согледа форматот на запишаните влезни податоци. Тој може да биде структуриран и неструктуриран. Стратегијата и начинот на читање на тие податоци можат да бидат различни:

- да се чита влезниот поток на податоци ред по ред
- да се чита знак по знак (бајт по бајт)
- влезниот поток на податоци директно да се токенизира доколку е познат форматот на запишување
- да се обезбеди директна конверзија на податоците доколку однапред ја знаеме структурата на запис (пример: читање на вредности на матрица, добро позната податочна структура, итн.).

Откако ќе се согледа форматот на запишаните податоци, може да се донесе одлука со кои класи и методи од тие класи ќе бидат читани податоците.

```
1  import java.io.InputStream;
2  import java.util.ArrayList;
3  import java.util.List;
4  import java.util.Scanner;
5
6  class Subtitles {
7      List<Element> elements;
8
9      public Subtitles() {
10         elements = new ArrayList<Element>();
11     }
12
13     public int loadSubtitles(InputStream inputStream) {
14         Scanner scanner = new Scanner(inputStream);
15         while (scanner.hasNextLine()) {
16             String line = scanner.nextLine();
17             int number = Integer.parseInt(line);
18             String time = scanner.nextLine();
19             StringBuilder text = new StringBuilder();
20             while (true) {
21                 if (!scanner.hasNextLine()) break;
22                 line = scanner.nextLine();
23                 if (line.trim().length() == 0)
24                     break;
25                 text.append(line);
26                 text.append("\n");
```

```
27              }
28              Element element =
29                      new Element(number, time, text.toString());
30              elements.add(element);
31          }
32          return elements.size();
33      }
34
35      public void shift(int ms) {
36          for (Element e : elements) {
37              e.shift(ms);
38          }
39      }
40
41      public void find(String text) {
42          for (Element e : elements) {
43              if (e.findText(text)) {
44                  System.out.println(e.number);
45              }
46          }
47      }
48
49      public void print() {
50          for (Element e : elements) {
51              System.out.println(e);
52          }
53      }
54  }
55
56  class Element {
57      public int timeFrom;
58      public int timeTo;
59      public String text;
60      public int number;
61
62      public Element(int number, String time, String text) {
63          this.number = number;
64          String[] parts = time.split("-->");
65          timeFrom = stringToTime(parts[0].trim());
66          timeTo = stringToTime(parts[1].trim());
67          this.text = text;
68      }
69
70      public void shift(int ms) {
71          timeFrom += ms;
72          timeTo += ms;
73      }
74
75      public boolean findText(String someText) {
76          return text.contains(someText);
77      }
78
79      static int stringToTime(String time) {
80          String[] parts = time.split(",");
81          int res = Integer.parseInt(parts[1]);
82          parts = parts[0].split(":");
83          int sec = Integer.parseInt(parts[2]);
84          int min = Integer.parseInt(parts[1]);
85          int h = Integer.parseInt(parts[0]);
86          res += sec * 1000;
87          res += min * 60 * 1000;
```

```
88          res += h * 60 * 60 * 1000;
89          return res;
90      }
91
92      static String timeToString(int time) {
93          int h = time / (60 * 60 * 1000);
94          time = time % (60 * 60 * 1000);
95          int m = time / (60 * 1000);
96          time = time % (60 * 1000);
97          int s = time / 1000;
98          int ms = time % 1000;
99          return String.format("%02d:%02d:%02d,%03d", h, m, s, ms);
100     }
101
102     @Override
103     public String toString() {
104         return String.format("%d\n%s --> %s\n%s", number,
105                 timeToString(timeFrom), timeToString(timeTo), text);
106     }
107 }
108
109 public class SubtitlesTest {
110     public static void main(String[] args) {
111         Subtitles subtitles = new Subtitles();
112         int n = subtitles.loadSubtitles(System.in);
113         System.out.println("+++++ ORIGINIAL SUBTITLES +++++");
114         subtitles.print();
115         int shift = n * 37;
116         shift = (shift % 2 == 1) ? -shift : shift;
117         System.out.println(String.format("SHIFT FOR %d ms", shift));
118         subtitles.shift(shift);
119         System.out.println("+++++ SHIFTED SUBTITLES +++++");
120         subtitles.print();
121     }
122 }
```

Во оваа задача, лесно може да се согледа дека податоците за еден превод се организирани во најмалку три редови. Притоа, во првиот ред е запишан редниот број, во вториот ред е запишан временскиот опсег во кој треба да се прикаже преводот и во наредните редови е запишан преводот. Кога се чита ред по ред (како во оваа ситуација) може да се искористат класите `Scanner` и `BufferedReader`. Оваа задача е решена со помош на класата `Scanner`.

Прво се креира објект од класата `Scanner` преку предавање на објектот од тип `InputStream` во конструкторот на класата `Scanner`.

Бидејќи влезот треба да се прочита ред по ред, прво потребно е да се напише циклус што ќе се извршува сè додека има редови во датотеката за читање. За проверка на условот дали сме стигнале до крајот на датотеката се користи методот `scanner.hasNextLine()`. Во рамки на циклусот, прво се чита еден ред и истиот се парсира во цел број (бидејќи тој ред го означува редниот број на преводот). Потоа се чита уште еден ред и истиот се зачувува како текстуална низа, што подоцна се трансформира во два временски интервали. Следно, со помош на вгнезден циклус се читаат редовите во кои е запишан преводот, сè додека не дојдеме до празен ред (преводите се одделени со празен ред). Секој од прочитаните редови се додава во `StringBuilder` со цел да се избегне постојано креирање на нови текстуални низи. Како краен резултат од извршувањето на вгнездениот циклус е читањето на целосниот превод во една текстуална низа што се добива со повикувањето на методот `toString()`

од `StringBuilder` објектот. За читање од влезниот поток од податоци ред по ред, се користи методот `nextLine()` од класата `Scanner`.

Дополнително, во задачата потребно е да се обработи и прочитаниот запис што се однесува на почетното и крајното време на преводот. За таа цел, во рамки на конструкторот на класата `Element` потребно е редот во кој е запишано почетното и крајното време на преводот да се раздели на две текстуални низи со сепаратор „стрелки“. Добиените две текстуални низи се конвертираат во милисекунди поминати од почетокот на филмот.

3.1.1 Користење на класата `PrintWriter` за запишување на податоци

Класата `PrintWriter` се користи за форматирано печатење на податоци во излезен поток.

Проблем 3.2 Да се имплементира класа `CheckIn` која ќе чита од влезен тек (стандарден влез, датотека, ...) податоци за пријавување/одјавување на корисник. Податоците содржат (Име - единствено), почетен и краен датум (dd.mm.YYYY) со време (во 24-часовен формат) на пријавување и одјавување. Сите податоци се разделени со едно празно место. Датумот и времето се разделени со `-`, во датумот денот, месецот и годината може да се разделени со `.` или `/`, а во самото време часот и минутите може да бидат разделени со `:` или `.`. Пример за форматот на податоците:

```
John 03.06.2015-11:15 03/06/2015-20.45
```

За потребите на класата потребно е да се имплементираат следните методи:

- `CheckIn()` - предефиниран конструктор
- `void readTimes(InputStream inputStream)` - метод за читање на податоците
- `void writeTimes(OutputStream outputStream)` - метод кој ги печати сите времиња на пријавување сортирани во растечки редослед според времето на пријавување на корисникот во растечки редослед. При печатењето името се печати со 15(петнаесет) места порамнето налево, датумот во формат dd.mm.YYYY (само еднаш), па следуваат времињата на пријавување/одјавување и вкупно времетраење на присуство во минути.

Методот за читање `readTimes` фрла исклучок од тип `InvalidCheckInTimes` ако датумот на пријавување и одјавување е различен или пак времето на пријавување е после времето на одјавување. Исклучокот во пораката `getMessage()` треба да го врати влезниот податок којшто го предизвикал исклучокот. Сите пријавувања/одјавувања до моментот кога ќе се фрли некој исклучок треба да си останат прочитани.

■

Слично како и во претходната задача, така и во оваа, читањето на податоци најдобро е да се направи ред по ред во кои се запишани информациите за работните времиња на вработените.

Прво, се креира објект од класата `Scanner`, а потоа со помош на циклус за повторување се чита ред по ред од влезниот поток. Секоја од прочитаните текстуални низи се дели на три низи користејќи го празното место како сепаратор. Во првата текстуална низа е запишано името на вработениот, во втората текстуална низа почетокот на смената, а во третата текстуална низа е запишан крајот на смената. На втората и третата текстуална низа дополнително се прави поделба каде како сепаратор се користи „—“. Ова резултира со добивање на две текстуални низи со должина 2, каде првата текстуална низа е датумот, а втората текстуална низа е времето. Откако ќе се

добијат датумите и времињата за почетокот и крајот на смената, потребно е истите да се форматираат. Бидејќи денот, месецот и годината во датумите може да бидат разделени со „/“ или „.“, а во излезот на програмата се очекува да бидат разделени со „.“, со помош на методот `replace` од класата `String`, секаде каде што има „/“ се заменува со „.“. За парсирање на времето, прво се обидуваме да ја поделиме текстуалната низа со „:“, а доколку тоа не успее (не врати низа од текстуални низи со големина 2), се прави делење на текстуалната низа со „.“.

Во оваа задача, освен читањето од влезен поток, потребно е резултатите да се запишат во излезен поток (објект од класата `outputStream`), со помош на методот `writeTimes`. За таа цел, се креира објект од класата `PrintWriter`, така што на конструкторот на класата се предава објектот од тип `OutputStream`. Податоците за смените (објекти од класата `CheckInTime`) се подредуваат и се печатат со методот `println()` од класа `PrintWriter`.

При работа со `PrintWriter` важно е да се повика методот `flush` со цел креираниот податочен поток во самиот `PrintWriter` објект да се запише на излезниот поток. На крајот, секој отворен поток на податоци треба да се затвори со повик на методот `close`.

```
import java.io.InputStream;
import java.io.OutputStream;
import java.io.PrintWriter;
import java.util.ArrayList;
import java.util.Collections;
import java.util.List;
import java.util.Scanner;

class CheckIn {
    List<CheckInTime> elements;

    public CheckIn() {
        elements = new ArrayList<CheckInTime>();
    }

    public void loadTimes(InputStream inputStream)
            throws InvalidCheckInTimes {
        Scanner scanner = new Scanner(inputStream);
        while (scanner.hasNextLine()) {
            String line = scanner.nextLine();
            String[] parts = line.split(" ");
            String name = parts[0];
            String[] time1 = parts[1].split("-");
            String[] time2 = parts[2].split("-");
            CheckInTime time = new CheckInTime(name,
                    CheckInTime.setDateFormat(time1[0]),
                    CheckInTime.setDateFormat(time2[0]),
                    CheckInTime.strToTime(time1[1]),
                    CheckInTime.strToTime(time2[1]));
            if (!time.valid()) throw new InvalidCheckInTimes(line);
            elements.add(time);
        }
    }

    public void printTimes(OutputStream outputStream) {
        PrintWriter writer = new PrintWriter(outputStream);
        Collections.sort(elements);
        for (CheckInTime checkInTime : elements) {
            writer.println(checkInTime);
```

```
        }
        writer.flush();
        writer.close();
    }


}

class CheckInTime implements Comparable<CheckInTime> {
    private String name;
    private String dateFrom;
    private String dateTo;
    private int timeFrom;
    private int timeTo;

    public CheckInTime(String name, String dateFrom, String dateTo,
                       int timeFrom, int timeTo) {
        this.name = name;
        this.dateFrom = dateFrom;
        this.dateTo = dateTo;
        this.timeFrom = timeFrom;
        this.timeTo = timeTo;
    }

    public boolean valid() {
        return dateFrom.equals(dateTo) && timeFrom <= timeTo;
    }

    public static int strToTime(String time) {
        String[] t = time.split(":");
        if (t.length == 1) {
            t = time.split("\\.");
        }
        return Integer.parseInt(t[0]) * 60 + Integer.parseInt(t[1]);
    }

    public static String setDateFormat(String date) {
        date = date.replace("/", ".");
        return date;
    }

    @Override
    public String toString() {
        return String
                .format("%-15s%s %02d:%02d - %02d:%02d (%d)", name,
                        dateFrom, timeFrom / 60, timeFrom % 60,
                        timeTo / 60, timeTo % 60, timeTo - timeFrom);
    }

    @Override
    public int compareTo(CheckInTime o) {
        return Integer.compare(timeFrom, o.timeFrom);
    }
}

class UnsupportedFormatException extends Exception {
    String data;

    public UnsupportedFormatException(String data) {
        this.data = data;
    }
```

```
101
102     @Override
103     public String getMessage() {
104         return data;
105     }
106 }
107
108 class InvalidCheckInTimes extends Exception {
109     String data;
110
111     public InvalidCheckInTimes(String data) {
112         this.data = data;
113     }
114
115     @Override
116     public String getMessage() {
117         return data;
118     }
119 }
120
121 public class CheckInTest {
122     public static void main(String[] args) {
123         CheckIn checkIns = new CheckIn();
124         try {
125             checkIns.loadTimes(System.in);
126         } catch (InvalidCheckInTimes e2) {
127             System.out.println(
128                     "InvalidCheckInTimes: " + e2.getMessage());
129         }
130         System.out.println(
131                 String.format("====== PRINT CHECK INS ======"));
132         checkIns.printTimes(System.out);
133     }
134 }
```

3.2 Користење на класата `BufferedReader` за читање од влезен поток

Класата `BufferedReader` може да се користи за читање од влезен поток на податоци (вклучително и текстуална датотека). Објект од класата `BufferedReader` ги има методите `read` и `readLine`. За користење на класата `BufferedReader` за читање од текстуална датотека, потребно е да бидат внесени следниве библиотеки:

```
import java.io.BufferedReader;
import java.io.FileReader;
import java.io.FileNotFoundException;
import java.io.IOException;
```

Класата `BufferedReader` како аргумент во конструкторот користи објект од класата `FileReader`. Поток на податоци од класата `BufferedReader` се креира и поврзува со текстуална датотека на следниов начин:

```
BufferedReader readerObject;
readerObject = new BufferedReader(new FileReader(FileName));
```

По дефинирањето на објектот од класата `BufferedReader`, методите `read` и `readLIne` можат да се користат за читање од датотеката со име `FileName`. Методот `readLine` е ист како и методот за читање од тастатура, со таа разлика што овде се

чита од датотека. Методот `read` чита еден знак и враќа вредност (од тип `int`), кој соодветствува на прочитаниот знак. Поради тоа, најчесто е потребно и дополнително кастирање:

```
char next = (char)(readerObject.read());
```

Дополнително, започнувајќи од Јава 8 постои и методот `lines()` што враќа објект `Stream<String>`, и претставува поток од текстуални низи каде што секоја текстуална низа е еден ред од потокот на податоци.

Проблем 3.3 Да се дефинира класа `CakeShopApplication` во која ќе се чуваат информации за сите тековни нарачки на торти и пити.

За класата да се дефинира:

- `CakeShopApplication()` - конструктор
- `int readCakeOrders(InputStream inputStream)` - метод којшто од влезен поток на податоци ќе прочита информации за повеќе нарачки. Во секој еден ред се наоѓа информација за една нарачка во формат: `orderId item1Name item1Price item2Name item2Price .... itemNName itemNPrice`, каде што `orderId` е ID на нарачката, а по неа следуваат паровите нарачан производ и цена. Методот треба да врати цел број којшто означува колку точно производи се нарачани во рамки на сите нарачки кои се успешно прочитани.
- `void printLongestOrder(OutputStream outputStream)` - метод кој на излезен поток ќе ја испечати нарачката со најголем број на нарачани продукти, во формат: `orderId totalOrderItems`, каде `totalOrderItems` е бројот на сите нарачани продукти.

■

Од барањата на задачата во кои јасно е наведено дека информациите за нарачките се дадени во посебни редови, може да се заклучи дека читањето на влезниот поток треба да биде реализирано ред по ред.

Иако задачата може да се реши и со употреба на `Scanner`, овде ќе биде прикажан начинот на употреба на `BufferedReader` класата за читање од влезен поток на податоци.

Во функцијата `int readCakeOrders(InputStream inputStream)` прво се креира објект од тип `BufferedReader`. Во конструкторот на класата `BufferedReader` се предава објект од тип `InputStreamReader`, додека во конструкторот на `InputStreamReader` се предава објект од тип `InputStream`. Ова е генерално решение што може да функционира за читање од каков било `InputStream` (од класата `InputStream` се изведени стотина потткласи). Потоа, со помош на циклус за повторување се чита ред по ред, сè додека методот `readLine()` од класата `BufferedReader` не врати `null`. За секој прочитан ред се повикува статичкиот метод `createOrder` од класата `Order` кој ги парсира сите информации за нарачката и ставките што се дел од неа.

Релевантните податоци за една нарачка запишани во еден ред од влезниот поток се одделени со празно место, при што на нултата позиција се наоѓа ИД-то на нарачката, а потоа на секоја непарна позиција (1, 3, итн.) се наоѓа името на ставката. На секоја парна позиција (2, 4, итн.) се наоѓа цената на ставката. Соодветно, се креира листа од сите ставки и истата се предава како аргумент во конструкторот на класата `Order`, заедно со ИД-то на нарачката што се наоѓа на нултата позиција.

На крајот од читањето се повикува методот `close`, за да се затвори читањето од влезниот поток на податоци.

Во коментари е дадено решение со употреба на методот `lines()` од класата `BufferedReader`.

```
import java.io.*;
import java.util.ArrayList;
import java.util.Arrays;
import java.util.Comparator;
import java.util.List;
import java.util.stream.Collectors;

class Item {
    private String name;
    private int price;

    public Item(String name) {
        this.name = name;
        this.price = 0;
    }

    public void setPrice(int price) {
        this.price = price;
    }
}

class Order implements Comparable<Order> {
    private int id;
    private List<Item> items;

    public Order() {
        this.id = -1;
        items = new ArrayList<>();
    }

    public Order(int id, List<Item> items) {
        this.id = id;
        this.items = items;
    }

    public static Order createOrder(String line) {
        String[] parts = line.split("\\s+");
        int orderId = Integer.parseInt(parts[0]);
        List<Item> items = new ArrayList<>();
        Item item = null;
        for (int i = 1; i < parts.length; i++) {
            if (i % 2 == 1) { //item name is here
                item = new Item(parts[i]);
            } else {
                item.setPrice(Integer.parseInt(parts[i]));
                items.add(item);
            }
        }
        return new Order(orderId, items);
    }

    public List<Item> getItems() {
        return items;
    }

    public int getNumberOfItems() {
        return items.size();
    }

    $@override
    public int compareTo(Order o) {
```

```
62          return Integer.compare(this.items.size(), o.items.size());
63      }
64
65      $@override
66      public String toString() {
67          return this.id + " " + this.items.size();
68      }
69  }
70
71  class CakeShopApplication {
72      private List<Order> orders;
73
74      public CakeShopApplication() {
75          this.orders = new ArrayList<>();
76      }
77
78      public int readCakeOrders(InputStream inputStream)
79              throws IOException {
80          BufferedReader br = new BufferedReader(
81                  new InputStreamReader(inputStream));
82
83          /* JAVA 8 Stream API solution
84          this.orders = br.lines()
85                  .map(Order::createOrder)
86                  .collect(Collectors.toList());
87
88          br.close()
89
90          return this.orders.stream().mapToInt(order ->
91                                      order.getNumberOfItems()).sum();
92          */
93
94          String line;
95          while ((line = br.readLine()) != null) {
96              orders.add(Order.createOrder(line));
97          }
98
99          int sum = 0;
100         for (Order order : orders) {
101             sum += order.getNumberOfItems();
102         }
103
104         br.close();
105         return sum;
106     }
107
108     public void printLongestOrder(OutputStream outputStream) {
109         PrintWriter printWriter = new PrintWriter(outputStream);
110         Order longestOrder = orders.get(0);
111
112         /* JAVA 8 Stream API solution
113         Order longestOrder = this.orders.stream()
114                                     .max(Comparator.naturalOrder())
115                                     .orElseGet(Order::new);
116          */
117
118         for (Order order : orders) {
119             if (order.compareTo(longestOrder) > 0) {
120                 longestOrder = order;
121             }
122         }
```

```
123
124         printWriter.println(longestOrder);
125
126         printWriter.flush();
127         printWriter.close();
128     }
129 }
130
131 public class CakeShopApplicationTest1 {
132
133     public static void main(String[] args) {
134         CakeShopApplication cakeShopApplication =
135                 new CakeShopApplication();
136
137         System.out.println("--- READING FROM INPUT STREAM ---");
138         try {
139             System.out.println(
140                     cakeShopApplication.readCakeOrders(System.in));
141         } catch (IOException e) {
142             e.printStackTrace();
143         }
144
145         System.out.println(
146                 "--- PRINTING LARGEST ORDER TO OUTPUT STREAM ---");
147         cakeShopApplication.printLongestOrder(System.out);
148     }
149 }
```

4. Генерици

Започнувајќи со верзијата 5.0, Јава дозволува дефинирање на класи и методи што вклучуваат параметри за типови. Таквите дефиниции се нарекуваат генерици. Воведувањето на параметарски тип овозможува креирање на класи, методи и интерфејси независни од конкретни податочни типови. Ова значи дека една класа, метод или интерфејс може да се употребува со повеке податочни типови без да се пишува конкретна, специфична имплементација. Иако `Object` е класа предок на сите други класи чија референца може да се однесува на кој било тип на објект, сепак на таков начин не може да се обезбеди безбедност на тип. Со воведувањето на параметарските типови успешно можеме да спречиме појава на грешки настанати како резултат на кастирање при извршување на програмата.

4.1 Генерички класи, интерфејси и методи

4.1.1 Генерички класи

Класата која е дефинирана со параметар како тип се нарекува генеричка класа или параметризирана класа. Параметарскиот тип се дава во аглести загради по името на класата во нејзиното заглавие. Секој не-клучен збор може да биде употребен како идентификатор за параметарски тип. По конвенција параметарот стартува со голема буква. Параметарскиот тип може да се употребува како и секој друг тип во дефиницијата на класата.

Проблем 4.1 Да се имплементира генеричка класа `Triple` (тројка) од нумерички вредности (кои се поттип на класата `Number`). За класата да се имплементираат:

- конструктор со 3(три) аргументи,
- `double max()` - го враќа најголемиот од трите броја
- `double average()` - кој враќа просек на трите броја
- `void sort()` - кој ги сортира елементите во растечки редослед

- да се преоптовари методот `toString()` којшто враќа форматиран стринг со две децимални места за секој елемент и празно место помеѓу нив.

■

Во оваа задача потребно е да се чуваат три променливи на инстанца во класата `Triple` и сите три да се од ист тип. Типот на овие променливи треба да биде поттип на класата `Number`.

Со употреба на генерици, се дефинираат овие три променливи од генерички тип `T`. Додека пак, во дефиницијата на класата се додава `<T extends Number>`, што означува дека T мора да биде тип што наследува од класата `Number`.

Со ова се овозможува класата `Triple` да се користи за тројки од тип `Short`, `Integer`, `Float`, `Double`, `Long` итн.

```
class Triple<T extends Number> {
  T first, second, third;

  public Triple(T first, T second, T third) {
    this.first = first;
    this.second = second;
    this.third = third;
  }

  public double max() {
    double max = first.doubleValue();
    if (second.doubleValue() > max) {
      max = second.doubleValue();
    }
    if (third.doubleValue() > max) {
      max = third.doubleValue();
    }
    return max;
  }

  public double avarage() {
    double sum = first.doubleValue() + second.doubleValue()
        + third.doubleValue();
    return sum / 3;
  }

  public void sort() {
    if (first.doubleValue() > second.doubleValue()) {
      T temp = second;
      second = first;
      first = temp;
    }
    if (second.doubleValue() > third.doubleValue()) {
      T temp = third;
      third = second;
      second = temp;
    }
    if (first.doubleValue() > second.doubleValue()) {
      T temp = second;
      second = first;
      first = temp;
    }
  }

  @Override
  public String toString() {
```

```
47      return String.format("%.2f %.2f %.2f", first.doubleValue(),
48          second.doubleValue(), third.doubleValue());
49    }
50
51    public static void main(String[] args) {
52      Scanner scanner = new Scanner(System.in);
53      int a = scanner.nextInt();
54      int b = scanner.nextInt();
55      int c = scanner.nextInt();
56
57      Triple<Integer> tInt = new Triple<Integer>(a, b, c);
58
59      System.out.printf("%.2f\n", tInt.max());
60      System.out.printf("%.2f\n", tInt.avarage());
61
62      tInt.sort();
63      System.out.println(tInt);
64
65      float fa = scanner.nextFloat();
66      float fb = scanner.nextFloat();
67      float fc = scanner.nextFloat();
68
69      Triple<Float> tFloat = new Triple<Float>(fa, fb, fc);
70
71      System.out.printf("%.2f\n", tFloat.max());
72      System.out.printf("%.2f\n", tFloat.avarage());
73
74      tFloat.sort();
75      System.out.println(tFloat);
76
77      double da = scanner.nextDouble();
78      double db = scanner.nextDouble();
79      double dc = scanner.nextDouble();
80
81      Triple<Double> tDouble = new Triple<Double>(da, db, dc);
82
83      System.out.printf("%.2f\n", tDouble.max());
84      System.out.printf("%.2f\n", tDouble.avarage());
85
86      tDouble.sort();
87      System.out.println(tDouble);
88    }
89  }
```

Проблем 4.2 Да се имплементира класа за генеричка табела `GenericTable` со генерички имиња на редовите кои се споредливи вредности (`Comparable`) и генерички вредности кои мора да се поткласа на `Number` .

Во класата треба да се имплементираат следните методи:

- `void addRow(RowKey key, Value... values)` - за додавање на низа од вредности `values` за редот со даден клуч `key`
- `double max(RowKey key)` - ја враќа вредноста (`double`) на елементот со максимална вредност за даден ред со клуч `key`
- `String toString()` - враќа `String` репрезентација на табелата со формат на секој ред `key: v1 v2 . . . vn` каде што елементите `v` се печатат со 6(шест) места од кои две децимални и се разделени со таб `\t` .

Од барањето специфицирано за методот `addRow(RowKey rowKey, Value ... values)`, треба да се забележи дека за решавање на оваа задача ќе бидат потребни два генерички параметри `RowKey` и `Value`. Дополнително, може да се согледа дека клучевите на редиците треба да бидат споредливи објекти, односно генеричкиот тип `RowKey` треба да наследува (односно имплементира) од `Comparable` (`RowKey extends Comparable`) интерфејсот. Вредностите треба да бидат нумерички типови, односно класите коишто ќе се користат на местото на генеричкиот тип `Value`, треба да се поттип на класата `Number` (`Value extends Number`).

Во согласност со тоа, дефиницијата на генеричката класа `GenericTable` ќе биде `class GenericTable<RowKey extends Comparable, Value extends Number>`. Дефиницијата на оваа класа може да биде и `class GenericTable<RowKey extends Comparable <RowKey>, Value extends Number>`. Практично тоа значи дека наместо да го имплементираме методот `compareTo(Object obj)`, ќе биде потребно да го имплементираме методот `compareTo (RowKey rowKey)`.

Ако не се наметнат ограничувањета на типовите `RowKey` и `Value`, тогаш е невозможно генеричката табела да биде претставена преку `TreeMap`, бидејќи елементите од `RowKey` класата нема да можат да се споредуваат меѓусебно. Исто така, методот `double max (RowKey key)` ќе биде невозможно да се импелементира од истите причини (класата `Number` го имплементира интерфејсот `Comparable<Number>` и објектите од таа класа ќе можат да се споредуваат меѓусебно).

```
import java.util.*;

class Key implements Comparable<Key> {
    int index;
    String name;

    public Key(int index, String name) {
        this.index = index;
        this.name = name;
    }

    @Override
    public int compareTo(Key o) {
        return Integer.compare(index, o.index);
    }

    @Override
    public String toString() {
        return String.format("%d (%s)", index, name);
    }
}

class GenericTable<RowKey extends Comparable, Value extends Number> {
    Map<RowKey, List<Value>> rows;

    public GenericTable() {
        rows = new TreeMap<>();
    }

    public void addRow(RowKey key, Value... values) {
        List<Value> row = rows.get(key);
        if (row == null) {
            row = new ArrayList<>();
        }
```

```
35          row.addAll(Arrays.asList(values));
36          rows.put(key, row);
37      }
38
39      public double max(RowKey key) {
40          List<Value> row = rows.get(key);
41          double max = Double.MIN_VALUE;
42          for (Number number : row) {
43              max = Math.max(max, number.doubleValue());
44          }
45          return max;
46      }
47
48      @Override
49      public String toString() {
50          StringBuilder res = new StringBuilder();
51          for (RowKey key : rows.keySet()) {
52              List<Value> row = rows.get(key);
53              res.append(String.format("%s: ", key));
54              for (Value value : row) {
55                  res.append(String.format("%6.2f\t", value.doubleValue()));
56              }
57              res.append('\n');
58          }
59          return res.toString();
60      }
61
62      public static void main(String[] args) {
63          Scanner scanner = new Scanner(System.in);
64          GenericTable<String, Integer> stringTable = new GenericTable<>();
65          GenericTable<Integer, Double> integerTable = new GenericTable<>();
66          GenericTable<Key, Float> keyTable = new GenericTable<>();
67          int n = scanner.nextInt();
68          scanner.nextLine();
69          for (int i = 0; i < n; ++i) {
70              String[] parts = scanner.nextLine().split("\\s+");
71              Integer[] values = new Integer[parts.length - 1];
72              for (int j = 0; j < values.length; ++j) {
73                  values[j] = Integer.parseInt(parts[j + 1]);
74              }
75              stringTable.addRow(parts[0], values);
76          }
77          System.out.println("=== STRING TABLE ===");
78          System.out.println(stringTable);
79          String k = String.format("row%d", n / 2);
80          System.out.printf("MAX (%s): %.2f\n", k, stringTable.max(k));
81          n = scanner.nextInt();
82          scanner.nextLine();
83          for (int i = 0; i < n; ++i) {
84              String[] parts = scanner.nextLine().split("\\s+");
85              Double[] values = new Double[parts.length - 1];
86              for (int j = 0; j < values.length; ++j) {
87                  values[j] = Double.parseDouble(parts[j + 1]);
88              }
89              integerTable.addRow(Integer.parseInt(parts[0]), values);
90          }
91          System.out.println("=== INTEGER TABLE ===");
92          System.out.println(integerTable);
93          System.out.printf("MAX (%d): %.2f\n", n / 2,
94                            integerTable.max(n / 2));
95          n = scanner.nextInt();
```

```
        scanner.nextLine();
        for (int i = 0; i < n; ++i) {
            String[] parts = scanner.nextLine().split("\\s+");
            Float[] values = new Float[parts.length - 1];
            for (int j = 0; j < values.length; ++j) {
                values[j] = Float.parseFloat(parts[j + 1]);
            }
            String[] keys = parts[0].split(":");
            Key key = new Key(Integer.parseInt(keys[0]), keys[1]);
            keyTable.addRow(key, values);
        }
        System.out.println("=== KEY TABLE ===");
        System.out.println(keyTable);
        Key key = new Key(1, "a");
        System.out.printf("MAX (%s): %.2f\n", key, keyTable.max(key));
        scanner.close();
    }
}
```

Проблем 4.3 Да се имплементира `GenericCounter<T>` за броење на исти елементи. Класата треба да имплементира два методи:

- `void count(T element)` - метод кој прима елемент за броење
- `String toString()` - кој враќа стринг репрезентација на избројените елементи

```
[елемент]|[повторување на знакот *
онолку пати колку што е избројан дадениот елемент]
```

Решението треба да има мемориска комплексност $O(n)$ и комплексност $O(n)$ за броење на елементите (линеарно пребарување) ■

Во оваа задача класата `GenericCounter` се дефинира со генеричкиот параметар `T`. Дополнително, се креира помошна генеричка класа `CountableElement<T>` којашто во себе содржи елемент од тип `T` и бројач на појавување на тој елемент.

При броењето на елементите во методот `void count(T element)`, ако се појави нов елемент, истиот се додава во листата на објекти од тип `CountableElement<T>`, а ако елементот се појавил претходно, бројачот за неговото појавување се зголемува за еден.

```
import java.util.ArrayList;
import java.util.List;
import java.util.Scanner;

class GenericCounter<T> {
    List<CountableElement<T>> elements;

    GenericCounter() {
        elements = new ArrayList<CountableElement<T>>();
    }

    public void count(T element) {
        for (int i = 0; i < elements.size(); ++i) {
            CountableElement<T> el = elements.get(i);
            if (el.isEqual(element)) {
                el.increment();
                return;
            }
        }
```

```
20          elements.add(new CountableElement<T>(element));
21      }
22
23      @Override
24      public String toString() {
25          StringBuilder sb = new StringBuilder();
26          for (int i = 0; i < elements.size(); ++i) {
27              CountableElement<T> el = elements.get(i);
28              sb.append(String.format("%s|%s\n", el.element.toString(),
29                      countToStar(el.count)));
30          }
31          return sb.toString();
32      }
33
34      static String countToStar(int c) {
35          StringBuilder sb = new StringBuilder();
36          for (int i = 0; i < c; ++i) {
37              sb.append("*");
38          }
39          return sb.toString();
40      }
41  }
42
43  class CountableElement<T> {
44      int count;
45      T element;
46
47      public CountableElement(T element) {
48          this.element = element;
49          count = 1;
50      }
51
52      public void increment() {
53          ++count;
54      }
55
56      public boolean isEqual(T element) {
57          return this.element.equals(element);
58      }
59  }
60
61  public class GenericCounterTest {
62      public static void main(String[] args) {
63          Scanner scanner = new Scanner(System.in);
64          int n = scanner.nextInt();
65          GenericCounter<Integer> counterInt =
66                  new GenericCounter<Integer>();
67          scanner.nextLine();
68          for (int i = 0; i < n; ++i) {
69              int x = scanner.nextInt();
70              counterInt.count(x);
71          }
72          System.out.println("=====INTEGERS=====");
73          System.out.println(counterInt);
74          n = scanner.nextInt();
75          scanner.nextLine();
76          GenericCounter<String> counterString =
77                  new GenericCounter<String>();
78          for (int i = 0; i < n; i++) {
79              String s = scanner.nextLine();
80              counterString.count(s);
```

```
81          }
82          System.out.println("=====STRINGS=====");
83          System.out.println(counterString);
84          n = scanner.nextInt();
85          scanner.nextLine();
86          GenericCounter<Float> counterFloat =
87                  new GenericCounter<Float>();
88          for (int i = 0; i < n; i++) {
89              float f = scanner.nextFloat();
90              counterFloat.count(f);
91          }
92          System.out.println("=====FLOATS=====");
93          System.out.println(counterFloat);
94          scanner.close();
95      }
96  }
```

Проблем 4.4 Да се развие генеричка класа `GenericFraction` за работа со дропки. Класата има два генерички параметри `T` и `U` коишто мора да бидат од некоја класа која наследува од класата `Number`. `GenericFraction` има две променливи:

- numerator - броител
- denominator - именител.

Во класата да се имплементираат следните методи:

- `GenericFraction(T numerator, U denominator)` - конструктор кој ги иницијализира броителот и именителот на дропката. Ако се обидиме да поставиме дропка со вредност 0 за именителот, треба да се фрли исклучок од тип `ZeroDenominatorException`
- `GenericFraction<Double, Double> add(GenericFraction<? extends Number,? extends Number> gf)` - собирање на две дропки
- `double toDouble()` - враќа вредност на дропката како реален број
- `String toString()` - ја печати дропката во следниот формат `[numerator] / [denominator]`, скратена (нормализирана) и секој со две децимални места.

Во согласност со барањето дефинирано во задачата, генеричката класа за дропка потребно е да има два генерички параметри кои наследуваат од класата `Number`. Барањето е дефинирано на овој начин, со цел броителот и именителот на дропката да можат да бидат претставени со различна прецизност (на пр. броителот да биде објект од тип `Short`, а именителот да биде објект од тип `Double`).

Иако броителот и именителот можат да бидат репрезентирани со различна прецизност, сепак наследувањето од класата `Number` гарантира конверзија на нивната вредност во `Double` преку имплементацијата методот `doubleValue()`. Ова е покажано во методите `toDouble()` и `gcd()`.

Употребата на џокер-знакот (`?`) во методот `add` означува дека типот на соодветниот податок може да биде која било класа што наследува од класата `Number`. Ова овозможува да се направи сума на две дропки во кои броителот и именителот не се инстанци од иста класа (пр. дропка со броител од тип `Short` и именител од тип `Long` и друга дропка со броител од тип `Long` и именител од тип `Integer`). Ако се употребат генеричките параметри `T` и `V` наместо џокер-знакот `?`, тогаш методот `add` ќе може да се користи само за дропки со исти типови на броител и именител.

```
import java.util.Scanner;

class GenericFraction<T extends Number, U extends Number> {
    private T numerator;
    private U denominator;

    public GenericFraction(T numerator, U denominator)
            throws ZeroDenominatorException {
        if (denominator.doubleValue() == 0) {
            throw new ZeroDenominatorException();
        }
        this.numerator = numerator;
        this.denominator = denominator;

    }

    double toDouble() {
        return this.numerator.doubleValue() /
                this.denominator.doubleValue();
    }

    static double gcd(double a, double b) {
        if (b == 0)
            return a;
        if (a < b)
            return gcd(a, b - a);
        else
            return gcd(b, a - b);
    }

    public double gcd() {
        return gcd(this.numerator.doubleValue(),
                this.denominator.doubleValue());
    }

    public GenericFraction<Double, Double> add(
            GenericFraction<? extends Number, ? extends Number> gf)
            throws ZeroDenominatorException {
        return new GenericFraction<Double, Double>(
                this.numerator.doubleValue()
                        * gf.denominator.doubleValue() +
                        this.denominator.doubleValue()
                                * gf.numerator.doubleValue(),
                this.denominator.doubleValue()
                        * gf.denominator.doubleValue());

    }

    @Override
    public String toString() {
        double gcd = this.gcd();
        return String.format("%.2f / %.2f",
                this.numerator.doubleValue() / gcd,
                this.denominator.doubleValue() / gcd);
    }
}

class ZeroDenominatorException extends Exception {
    public ZeroDenominatorException() {
        super("Denominator cannot be zero");
    }
```

```
}

public class GenericFractionTest {
    public static void main(String[] args) {
        Scanner scanner = new Scanner(System.in);
        double n1 = scanner.nextDouble();
        double d1 = scanner.nextDouble();
        float n2 = scanner.nextFloat();
        float d2 = scanner.nextFloat();
        int n3 = scanner.nextInt();
        int d3 = scanner.nextInt();
        try {
            GenericFraction<Double, Double> gfDouble =
                    new GenericFraction<Double, Double>(n1, d1);
            GenericFraction<Float, Float> gfFloat =
                    new GenericFraction<Float, Float>(n2, d2);
            GenericFraction<Integer, Integer> gfInt =
                    new GenericFraction<Integer, Integer>(n3, d3);
            System.out.printf("%.2f\n", gfDouble.toDouble());
            System.out.println(gfDouble.add(gfFloat));
            System.out.println(gfInt.add(gfFloat));
            System.out.println(gfDouble.add(gfInt));
            gfInt = new GenericFraction<Integer, Integer>(n3, 0);
        } catch (ZeroDenominatorException e) {
            System.out.println(e.getMessage());
        }
        scanner.close();
    }
}
```

4.1.2 Генерички методи и интефејси

Интерфејсите може да имаат еден или повеќе параметарски типови. Деталите и нотацијата се исти како и во класите со параметарски типови. Параметарскиот тип може да се користи и кај методите од генеричка класа. Како дополнување, генеричкиот метод може да има свој параметарски тип, различен од оној на класата. Генеричкиот метод може да биде член на обична или на генеричка класа и да има свој параметарски тип. Параметарскиот тип на генеричкиот метод е локален и важи за самиот метод, но не и за класата.

> Проблем 4.5 Да се имплементира статички генерички метод за печатење на низа од елементи `static <E> void printArray(E[] inputArray)`. Методот треба да поддржува печатење на низи од различни податочни типови. ■

Кога работиме со генерички функции потребно е сите декларирани генерички типови во аргументите на генеричката функција и во типот на резултатот од генеричката функција, да се наведат пред типот на резултатот од функцијата во `<>`.

Во оваа задача е употребен само еден генерички тип (`E`) и истиот е аргумент на функцијата (пред `void` се декларира само `<E>`).

```
public class PrintArray {

    public static <E> void printArray(E[] inputArray) {
      for(E element : inputArray) {
         System.out.printf("%s ", element);
      }
      System.out.println();
```

```
    }

    public static void main(String args[]) {
        Integer[] intArray = { 1, 2, 3, 4, 5 };
        Double[] doubleArray = { 1.1, 2.2, 3.3, 4.4 };
        Character[] charArray = { 'H', 'E', 'L', 'L', 'O' };

        System.out.println("Array integerArray contains:");
        printArray(intArray);

        System.out.println("\nArray doubleArray contains:");
        printArray(doubleArray);

        System.out.println("\nArray characterArray contains:");
        printArray(charArray);
    }
}
```

Проблем 4.6 Доколку во претходната задача за генеричка дропка има дополнително барање кое гласи: „Да се напише статичка генеричка функција `create` којашто има два аргументи (именител и броител), објекти кои се од класа која наследува од класата `Number`, а враќа објект од тип генеричка дропка потписот и имплементацијата на таа функција би бил: ■

```
static <T extends Number, U extends Number>
GenericFraction<T,U> create (T numerator, U denominator)
        throws ZeroDenominatorException {
    return new GenericFraction(numerator, denominator);
}
```

Проблем 4.7 Да се имплементира статички генерички метод за наоѓање на максимум од три елементи `static <T extends Comparable<T> > T maximum(T x, T y, T z)`. Методот треба да поддржува споредување на елементи од различни податочни типови. ■

Во оваа функција имаме три аргументи кои се од генерички тип `T`. Затоа во декларацијата на генеричките параметри на почетокот на функцијата се наоѓа само генеричкиот параметар `T`.

Целта на оваа функција е да најде максимум од три елементи. За да може да се најде максимумот, мора генеричкиот тип `T` да биде споредлив. Па, затоа генеричкиот параметар е деклариран како `<T extends Comparable<T>>` во дефиницијата на методот.

```
public class Max {
    public static <T extends Comparable<T>> T maximum(T x, T y, T z) {
        T max = x;

        if(y.compareTo(max) > 0) {
            max = y;
        }

        if(z.compareTo(max) > 0) {
            max = z;
        }

        return max;
    }

```

```
16    public static void main(String args[]) {
17       System.out.printf("Max of %d, %d and %d is %d\n\n",
18                         3, 4, 5, maximum( 3, 4, 5 ));
19
20       System.out.printf("Max of %.1f,%.1f and %.1f is %.1f\n\n",
21                         6.6, 8.8, 7.7, maximum( 6.6, 8.8, 7.7 ));
22
23       System.out.printf("Max of %s, %s and %s is %s\n",
24                         "pear", "apple", "orange",
25                         maximum("pear", "apple", "orange"));
26    }
27 }
```

4.2 Генерички податочни структури

4.2.1 Колекции во Јава (листи и множества)

Јава колекција е секоја класа којашто организирано чува објекти и го имплементира `Collection` интерфејсот. На пример `ArrayList<T>` е Јава колекциска класа и ги имплементира сите методи на `Collection` интерфејсот. `Collection` интерфејсот е највисоко ниво на рамката за колекциски класи (класи-колекции) во Јава. Сите класи колекции се наоѓаат во пакетот `java.util` .

Проблем 4.8 Да се имплементира класа `BodyForm` која од влезен тек (стандарден влез, датотека, ...), ќе чита податоци за мерења на тежината на неколку луѓе. Податоците за луѓето и нивната тежина (секој човек може да има различен број на мерења) се дадени во следниот формат:

```
name weight1 weight2 weight3...
```

Пример:

```
James 81.3 90.8 87.9
```

Ваша задача е да ги имплементирате методите:

- `BodyForm()` - default конструктор
- `void readData(InputStream inputStream)` - метод за читање на податоците
- `void printByWeight(OutputStream outputStream, int type)` - метод кој ги печати сите луѓе сортирани според тежината во растечки редослед. Притоа ако аргументот `type` има вредност:
  - 1 се подредуваат според максималната измерена тежина
  - 2 се подредуваат според просечната измерена тежина (просек од сите измерени тежини).

Печатењето на луѓето е во следниот формат:

```
[name] MAX : [max.0] kg, AVG : [avg.0] kg
```

■

Во оваа задача, во класата `BodyForm` потребно е да се чува колекција од мерењата направени за секоја од личностите (објекти од класата `Person`). Бидејќи нема никакви барања за групирање на личностите или пак, за нивно чување во колекција којашто овозможува конкретен начин на управување, објектите од класата `Person` се чуваат во генеричка податочна структура - листа (`List<Person>`). Конкретната имплементација

на оваа генеричка податочна структура која се користи во решението е класата `ArrayList<Person>`.

Со читање на податоците за личностите (за секоја личност информациите се дадени во еден ред), се креира објект од класа `Person` и истиот се додава во листата од објекти од тип `Person`.

Во методот `printByWeight` треба да се овозможи подредување на елементите во листата по два критериуми. Доколку се бара подредување по само еден критериум, најчесто тоа се решава со имплементација на генеричкиот интерфејс `Comparable <Person>`. Кога се бара подредување по повеќе од еден критериум најдобро е да се имплементираат компаратори (имплементација на генеричкиот интерфејс `Comparator <Person>`), коишто би се користеле при повик на методот `Collections.sort()`. Во задачата се имплементирани два компаратори: `MaxComparator` (споредува според максимална измерена тежина) и `AvgComparator` (споредува според просечна измерена тежина).

Бидејќи компараторот е функциски интерфејс, истиот може да биде имплементиран со ламбда-израз. Како и секој друг интерфејс, може да биде имплементиран и со анонимни класи.

```
import java.io.*;
import java.util.*;

class BodyForm {
    private List<Person> persons;

    public BodyForm() {
        persons = new ArrayList<Person>();
    }

    void readData(InputStream inputStream) {
        Scanner scanner = new Scanner(inputStream);
        while (scanner.hasNext()) {
            String line = scanner.nextLine();
            String[] parts = line.split(" ");
            String name = parts[0];
            Person person = new Person(name);
            for (int i = 1; i < parts.length; ++i) {
                person.addMeasurment(Float.parseFloat(parts[i]));
            }
            persons.add(person);
        }
        scanner.close();
    }

    void printByWeight(OutputStream outputStream, int type) {
        PrintWriter pw = new PrintWriter(outputStream);
        Collections.sort(persons, (type == 1) ?
                new MaxComparator() : new AvgComparator());

        for (Person person : persons) {
            pw.println(person);
        }
        pw.flush();
    }

}

class Person {
    String name;
```

```
41      List<Float> measurements;
42      float max;
43      float sum;
44      float avg;
45
46      public Person(String name) {
47          this.name = name;
48          measurements = new ArrayList<Float>();
49          sum = 0;
50          max = Float.MIN_VALUE;
51      }
52
53      public void addMeasurment(float weightMeasurement) {
54          measurements.add(weightMeasurement);
55          sum += weightMeasurement;
56          if (weightMeasurement > max) {
57              max = weightMeasurement;
58          }
59          avg = sum / measurements.size();
60      }
61
62      @Override
63
64      public String toString() {
65          return String
66                  .format("%s MAX : %.1f kg, " +
67                          "AVG : %.1f kg", name, max, avg);
68      }
69  }
70
71  class MaxComparator implements Comparator<Person> {
72      @Override
73
74      public int compare(Person p1, Person p2) {
75          if (p1.max < p2.max) return -1;
76          else if (p1.max > p2.max) return 1;
77          else return 0;
78      }
79  }
80
81  class AvgComparator implements Comparator<Person> {
82      @Override
83
84      public int compare(Person p1, Person p2) {
85          if (p1.avg < p2.avg) return -1;
86          else if (p1.avg > p2.avg) return 1;
87          else return 0;
88      }
89  }
90
91  public class BodyFormTest {
92      public static void main(String[] args) {
93          BodyForm bodyForm = new BodyForm();
94          bodyForm.readData(System.in);
95          System.out.println("BY MAX");
96          bodyForm.printByWeight(System.out, 1);
97          System.out.println("BY AVG");
98          bodyForm.printByWeight(System.out, 2);
99      }
100 }
```

Проблем 4.9 Да се имплементира класа `ArchiveStore` во која се чува листа на архиви (елементи за архивирање).

Секој елемент за архивирање `Archive` има:

- `id` - цел број
- `dateArchived` - датум на архивирање.

Постојат два вида на елементи за архивирање, `LockedArchive` за кој дополнително се чува датум до кој не смее да се отвори `dateToOpen` и `SpecialArchive` за кој се чуваат максимален број на дозволени отворања `maxOpen`. За елементите за архивирање треба да се обезбедат следните методи:

- `LockedArchive(int id, LocalDate dateToOpen)` - конструктор за заклучена архива
- `SpecialArchive(int id, int maxOpen)` - конструктор за специјална архива

За класата `ArchiveStore` да се обезбедат следните методи:

- `ArchiveStore()` - предефиниран конструктор
- `void archiveItem(Archive item, LocalDate date)` - метод за архивирање елемент item на одреден датум date
- `void openItem(int id, LocalDate date)` - метод за отворање елемент од архивата со зададен id и одреден датум date. Ако не постои елемент со даденото id треба да се фрли исклучок од тип `NonExistingItemException` со порака `Item with id [id] doesn't exist`.
- `String getLog()` - враќа стринг со сите пораки запишани при архивирањето и отворањето архиви во посебен ред.

За секоја акција на архивирање во текст треба да се додаде следната порака `Item [id] archived at [date]`, додека за секоја акција на отворање архива треба да се додаде `Item [id] opened at [date]`. При отварање ако се работи за `LockedArhive` и датумот на отворање е пред датумот кога може да се отвори, да се додаде порака `Item [id] cannot be opened before [date]`. Ако се работи за `SpecialArhive` и се обидеме да ја отвориме повеќепати од дозволениот број (`maxOpen`) да се додаде порака `Item [id] cannot be opened more than [maxOpen] times`.

Во решението на оваа задача потребно да се употребат концептите на наследување и полиморфизам. Прво треба да се дефинира апстрактната класа `Archive` со еден апстрактен метод `void open (Date date)`. Од оваа класа треба да се изведат класи за двата типа на архиви: `LockedArchive` и `SpecialArchive`. Во овие две класи треба соодветно да се препокрие методот `open()`, во согласност со барањата на задачата.

Слично како и во претходната задача, архивите (објекти од класата `Archive`) ќе се чуваат во генеричката податочната структура `ArrayList<Archive>` во рамки на класата `ArchiveStore`.

```
1 import java.time.LocalDate;
2 import java.util.ArrayList;
3 import java.util.Scanner;
4
5 class ArchiveStore {
6     private ArrayList<Archive> items;
7     private StringBuilder log;
8
```

```
9     public ArchiveStore() {
10        items = new ArrayList<Archive>();
11        log = new StringBuilder();
12    }
13
14    public void archiveItem(Archive item, LocalDate date) {
15        item.archive(date);
16        items.add(item);
17        log.append(String.format("Item %d archived at %s\n",
18                item.getId(), date.toString()));
19    }
20
21    public Archive openItem(int id, LocalDate date)
22            throws NonExistingItemException {
23        for (Archive item : items) {
24            if (item.getId() == id) {
25                try {
26                    item.open(date);
27                } catch (InvalidArchiveOpenException e) {
28                    log.append(e.getMessage());
29                    log.append("\n");
30                    return item;
31                }
32                log.append(String.format("Item %d opened at %s\n",
33                        item.getId(), date));
34                return item;
35            }
36        }
37        throw new NonExistingItemException(id);
38    }
39
40    public String getLog() {
41        return log.toString();
42    }
43 }
44
45 class NonExistingItemException extends Exception {
46    public NonExistingItemException(int id) {
47        super(String.format("Item with id %d doesn't exist", id));
48    }
49 }
50
51 abstract class Archive {
52    protected int id;
53    protected LocalDate dateArchived;
54
55    public void archive(LocalDate date) {
56        this.dateArchived = date;
57    }
58
59    public abstract LocalDate open(LocalDate date)
60            throws InvalidArchiveOpenException;
61
62    public int getId() {
63        return id;
64    }
65
66    @override
67    public boolean equals(Object obj) {
68        Archive archive = (Archive) obj;
69        return this.id == archive.id;
```

```
70      }
71  }
72
73  class LockedArchive extends Archive {
74      private LocalDate dateToOpen;
75
76      public LockedArchive(int id, LocalDate dateToOpen) {
77          this.id = id;
78          this.dateToOpen = dateToOpen;
79      }
80
81      @override
82      public LocalDate open(LocalDate date)
83              throws InvalidArchiveOpenException {
84          if (date.isBefore(dateToOpen))
85              throw new InvalidArchiveOpenException(String.format(
86                      "Item %d cannot be opened before %s", id,
87                      dateToOpen));
88          return date;
89
90      }
91  }
92
93  class SpecialArchive extends Archive {
94      private int countOpened;
95      private int maxOpen;
96
97      public SpecialArchive(int id, int maxOpen) {
98          this.id = id;
99          countOpened = 0;
100         this.maxOpen = maxOpen;
101     }
102
103     @override
104     public LocalDate open(LocalDate date)
105             throws InvalidArchiveOpenException {
106         if (countOpened >= maxOpen)
107             throw new InvalidArchiveOpenException(String.format(
108                     "Item %d cannot be opened more than %d times", id,
109                     maxOpen));
110         ++countOpened;
111         return date;
112     }
113
114 }
115
116 class InvalidArchiveOpenException extends Exception {
117     public InvalidArchiveOpenException(String message) {
118         super(message);
119     }
120 }
121
122 public class ArchiveStoreTest {
123     public static void main(String[] args) {
124         ArchiveStore store = new ArchiveStore();
125         LocalDate date = LocalDate.of(2013, 10, 7);
126         Scanner scanner = new Scanner(System.in);
127         scanner.nextLine();
128         int n = scanner.nextInt();
129         scanner.nextLine();
130         scanner.nextLine();
```

```
131         int i;
132         for (i = 0; i < n; ++i) {
133             int id = scanner.nextInt();
134             long days = scanner.nextLong();
135 
136             LocalDate dateToOpen = date.atStartOfDay()
137                     .plusSeconds(days * 24 * 60 * 60).toLocalDate();
138             LockedArchive lockedArchive =
139                     new LockedArchive(id, dateToOpen);
140             store.archiveItem(lockedArchive, date);
141         }
142         scanner.nextLine();
143         scanner.nextLine();
144         n = scanner.nextInt();
145         scanner.nextLine();
146         scanner.nextLine();
147         for (i = 0; i < n; ++i) {
148             int id = scanner.nextInt();
149             int maxOpen = scanner.nextInt();
150             SpecialArchive specialArchive =
151                     new SpecialArchive(id, maxOpen);
152             store.archiveItem(specialArchive, date);
153         }
154         scanner.nextLine();
155         scanner.nextLine();
156         while (scanner.hasNext()) {
157             int open = scanner.nextInt();
158             try {
159                 store.openItem(open, date);
160             } catch (NonExistingItemException e) {
161                 System.out.println(e.getMessage());
162             }
163         }
164         System.out.println(store.getLog());
165     }
166 }
```

Во методот `openItem(int id, LocalDate date)` , потребно е да се измине листата од архиви за да се најде архивата со соодветно `id` . За пребарување на елементи според некој критериум (како што е побарано во рамки на оваа задача), најчесто се препорачува прво да се индексираат елементите за да се овозможи побрзо пребарување. Во продолжение се дадени примери во кои се користат податочни структури коишто овозможуваат индексирање на елементите.

Проблем 4.10 Да се напише класа за книга `Book` во која се чува: Наслов, категорија и цена. За оваа класа, да се имплементира преоптоварен конструктор со следните аргументи `Book(String title, String category, float price)` .

Потоа да се напише класа `BookCollection` во која се чува колекција од книги. Во оваа класа треба да се имплементираат следните методи:

- `public void addBook(Book book)` - додавање книга во колекцијата
- `public void printByCategory(String category)` - ги печати сите книги од проследената категорија (се споредува стрингот без разлика на мали и големи букви), сортирани според насловот на книгата (ако насловот е ист, се сортираат според цената).
- `public List<Book> getCheapestN(int n)` - враќа листа на најевтините N

книги (ако има помалку од N книги во колекцијата, ги враќа сите).

Во оваа задача, потребно е да се подредат книгите по два критериуми. Затоа се креираат два компаратори (класи што го имплементираат интерфејсот `Comparator`): `TitleComparator` и `PriceComparator`.

Оваа задача е решена со користење на податочната структура множество којашто овозможува чување само на уникатни елементи. Со користење на `TreeSet` имплементацијата, книгите директно се подредуваат при нивното додавање во множеството според употребениот компаратор. На овој начин се гарантира елементите во податочната структура `TreeSet` секогаш да бидат подредени во согласност со зададениот критериум.

Компараторот (`PriceComparator`) се користи при креирање множество од тип `TreeSet`. Компараторот `TitleComparator` се користи во методот `printByCategory (String category)` за да се подредат книгите според категоријата во која припаѓаат. Подредувањето на книгите според категорија е реализирано со помошно множество од тип `TreeSet`.

```
import java.util.*;

class Book {
    private String title;
    private String category;
    private float price;

    public Book(String title, String category, float price) {
        this.title = title;
        this.category = category;
        this.price = price;
    }

    public String getTitle() {
        return title;
    }

    public String getCategory() {
        return category;
    }

    public float getPrice() {
        return price;
    }

    @override
    public String toString() {
        return String.format("%s (%s) %.2f", title, category, price);
    }
}

class TitleComparator implements Comparator<Book> {

    @override
    public int compare(Book o1, Book o2) {
        int result = o1.getTitle().compareTo(o2.getTitle());
        if (result != 0)
            return result;
        return Float.compare(o1.getPrice(), o2.getPrice());

    }
}
```

```
43
44 class PriceComparator implements Comparator<Book> {
45
46     @override
47     public int compare(Book o1, Book o2) {
48         int result = Float.compare(o1.getPrice(), o2.getPrice());
49         if (result != 0) {
50             return result;
51         }
52         return o1.getTitle().compareTo(o2.getTitle());
53     }
54 }
55
56 class BookCollection {
57     private TreeSet<Book> books;
58
59     public BookCollection() {
60         books = new TreeSet<>(new PriceComparator());
61     }
62
63
64     public void addBook(Book book) {
65         books.add(book);
66     }
67
68     public void printByCategory(String category) {
69         Set<Book> booksByTitle = new TreeSet<>(new TitleComparator());
70         booksByTitle.addAll(books);
71         for (Book book : booksByTitle) {
72             if (book.getCategory().equalsIgnoreCase(category)) {
73                 System.out.println(book);
74             }
75         }
76     }
77
78
79     public List<Book> getCheapestN(int n) {
80         List<Book> firstNBooks = new ArrayList<>();
81         int i = 0;
82         for (Book b : books) {
83             if (i < n) {
84                 firstNBooks.add(b);
85             }
86             ++i;
87         }
88         return firstNBooks;
89     }
90 }
91
92 public class BooksTest {
93     public static void main(String[] args) {
94         Scanner scanner = new Scanner(System.in);
95         int n = scanner.nextInt();
96         scanner.nextLine();
97         BookCollection booksCollection = new BookCollection();
98         Set<String> categories =
99                 fillCollection(scanner, booksCollection);
100        System.out.println("=== PRINT BY CATEGORY ===");
101        for (String category : categories) {
102            System.out.println("CATEGORY: " + category);
103            booksCollection.printByCategory(category);
```

```
104         }
105         System.out.println("=== TOP N BY PRICE ===");
106         print(booksCollection.getCheapestN(n));
107     }
108
109     static void print(List<Book> books) {
110         for (Book book : books) {
111             System.out.println(book);
112         }
113     }
114
115     static TreeSet<String> fillCollection(Scanner scanner,
116                                           BookCollection collection) {
117         TreeSet<String> categories = new TreeSet<String>();
118         while (scanner.hasNext()) {
119             String line = scanner.nextLine();
120             String[] parts = line.split(":");
121             Book book = new Book(parts[0], parts[1],
122                     Float.parseFloat(parts[2]));
123             collection.addBook(book);
124             categories.add(parts[1]);
125         }
126         return categories;
127     }
128 }
```

При користење на множества од типот (`TreeSet`) треба да се внимава на имплементацијата на компараторите, односно на имплементацијата на `compareTo()` методот во самите класи. Бидејќи множествата чуваат уникатни елементи. Во овој случај, доколку компараторот за цена споредбата ја прави само по цената на книгите, во множество ќе биде додадена само една книга од сите книги со иста цена. Тоа ќе биде книгата која последно сме се обиделе да ја внесеме во множеството. Иако не е наведено во барањата на задачата, во компараторите покрај споредба на цена/наслов се прави и споредба на преостанатите полиња со цел да се избегне оваа ситуација.

Проблем 4.11 Да се дефинира класа `Component` за која се чуваат боја, тежина и колекција од внатрешни компоненти (референци од класата `Component`). Во оваа класа да се дефинираат методите:

- `Component(String color, int weight)` - конструктор со аргументи боја и тежина
- `void addComponent(Component component)` - за додавање нова компонента во внатрешната колекција (во оваа колекција компонентите секогаш се подредени според тежината во растечки редослед. Ако имаат иста тежина подредени се алфабетски според бојата).
- `void changeColor(int weight, String color)` - ја менува бојата на сите компоненти со тежина помала од проследената.
- `String toString()` - враќа стринг репрезентација на објектот, во следниот формат:

```
weight1:color1
---weight2:color2
------weight3:color3
------weight4:color4
...
```

```
---weight5:color5
------weight6:color6
------weight7:color7
---------weight8:color8
```

Во оваа задача, класата којашто треба да се имплементира, треба да чува (управува со) референци од објекти од самата таа класа. Овој концепт овозможува креирање на структура од објекти во форма на дрво или граф. Во поглавјето „Шаблони за развој на софтвер“ се воведува шаблон што користи слична парадигма за решавање на конкретен тип на проблеми.

За да се овозможи чување на подредени елементи во согласност со одреден критериум, колекцијата од компоненти е множество од тип `TreeSet`. Изборот на овој тип на множество наметнува имплементација на `compareTo` методот во рамките на класата `Component` или имплементација на соодветен `Comparator`.

При имплементација на конкретни функционалности кај овие класи, најчесто се употребува рекурзија, со цел да се овозможи изминување (посетување) на елементите од сите нивоа на податочната структура.

Во решението на задачата, два методи се имплементирани со помош на рекурзија:

- `changeColor(int weight , String color)` - Во овој метод прво се проверува тежината на компонента. Ако таа е помала од аргументот тежина (`weight`) се менува бојата на компонентата. Потоа, рекурзивно се посетуваат сите внатрешни компоненти со помош на статичкиот рекурзивен метод `change(Component component, int weight, String color)`, кој исто така ја менува бојата на сите компоненти ако нивната тежина е помала од аргументот тежина (`weight`).
- `toString()` - Во овој метод, при креирањето на текстуалната репрезентација на компонентите треба да се овозможи додавање на дополнителни црти за секое следно ниво во хиерархијата од компоненти. За таа цел е имплементиран помошниот статички рекурзивен метод `createString(StringBuilder sb, Component component, int level)` што рекурзивно ги поминува внатрешните компоненти на секоја компонен-та. При процесирањето на внатрешните компоненти се менува и нивото (`level`). Оваа променлива ја чува информацијата за бројот на црти коишто треба да се додадат при креирањето на текстуалната репрезентација. При повик на `toString` методот на една компонента, се повикува помошниот метод `createString` со празен `StringBuilder` на којшто ќе се додаваат текстуалните репрезентации на сите внатрешни компоненти.

```
1  import java.util.Scanner;
2  import java.util.Set;
3  import java.util.TreeSet;
4
5
6  class Component implements Comparable<Component> {
7      String color;
8      int weight;
9      Set<Component> inner;
10
11     public Component(String color, int weight) {
12         this.color = color;
13         this.weight = weight;
14         this.inner = new TreeSet<Component>();
15     }
16
```

```
17      public void addComponent(Component component) {
18          inner.add(component);
19      }
20
21      public void changeColor(int weight, String color) {
22          if (this.weight < weight) {
23              this.color = color;
24          }
25          for (Component composite : inner) {
26              change(composite, weight, color);
27          }
28      }
29
30      static void change(Component component, int weight, String color) {
31          if (component.weight < weight) {
32              component.color = color;
33          }
34          for (Component c : component.inner) {
35              change(c, weight, color);
36          }
37      }
38
39      static void createString(StringBuilder sb, Component component,
40                               int level) {
41          for (int i = 0; i < level; ++i)
42              sb.append("---");
43          sb.append(String.format("%d:%s\n", component.weight,
44                  component.color));
45          for (Component c : component.inner) {
46              createString(sb, c, level + 1);
47          }
48      }
49
50      @Override
51
52      public int compareTo(Component o) {
53          int w = this.weight - o.weight;
54          if (w == 0) return this.color.compareTo(o.color);
55          return w;
56      }
57
58      @Override
59
60      public String toString() {
61          StringBuilder sb = new StringBuilder();
62          Component.createString(sb, this, 0);
63          return sb.toString();
64      }
65  }
66
67  public class ComponentTest {
68      public static void main(String[] args) {
69          Scanner scanner = new Scanner(System.in);
70          String name = scanner.nextLine();
71          Component prev = null;
72          while (true) {
73              int what = scanner.nextInt();
74              scanner.nextLine();
75              if (what == 1) {
76                  String color = scanner.nextLine();
77                  int weight = scanner.nextInt();
```

```
78                  Component component = new Component(color, weight);
79                  prev = component;
80              } else if (what == 2) {
81                  String color = scanner.nextLine();
82                  int weight = scanner.nextInt();
83                  Component component = new Component(color, weight);
84                  prev.addComponent(component);
85                  prev = component;
86              } else if (what == 3) {
87                  String color = scanner.nextLine();
88                  int weight = scanner.nextInt();
89                  Component component = new Component(color, weight);
90                  prev.addComponent(component);
91              } else if (what == 4) {
92                  break;
93              }
94              scanner.nextLine();
95          }
96      }
97  }
```

4.2.2 Мапи

Мапа е генеричка податочна структура којашто чува парови од клуч и вредност. Клучевите во мапата се уникатни и еден клуч може да биде поврзан единствено со една вредност. Мапите како податочни структури се корисни при пребарување, ажурирање или бришење на елементи врз основа на даден клуч. Интерфејсот `Map` вклучува методи за основните операции како додавање на пар од клуч и вредност, читање на вредност преку неговиот клуч, отстранување на пар од клуч и вредност, тестирање на присуство на клуч или вредност, број на парови во структурата и тестирање дали податочната структура е празна или не.

> Проблем 4.12 Да се имплементира податочната структура `Trie`. `Trie`, или како што се нарекува префикс-дрво (анг. prefix tree), (бидејќи може да се пребарува преку префикси), претставува вид на подредено пребарувачко дрво во кое позициите на јазлите ги дефинираат клучевите со кои истите се асоцирани. Сите наследници на даден јазол имаат ист (заеднички) префикс на зборот (текстуалната низа) асоциран со тој јазол. Коренот е асоциран со празна текстуална низа.



Пример:

Во `Trie` податочната структура прикажана на сликата се додадени зборовите (клучевите): `A`, `to`, `tea`, `ted`, `ten`, `i`, `in`, и `inn`.

Trie податочната структура која треба да се имплементира треба да има два методи:

- Методот `void addString(String word)` - метод за додавање на нов збор во индексираната структура.
- `List<String> complete(String word)` - метод којшто треба да ги врати сите зборови внесени во податочната структура кои започнуваат со зборот (имаат префикс) `word`. Зборовите содржани во други зборови не се земаат во предвид.

Пример: Ако зборовите `accord` и `according` се внесени во податочната структура, се враќа само зборот `according`. ■

Од цртежот даден во описот на задачата, може да се согледа дека ќе треба да дефинираме податочна структура слична на дрво. За да се дефинира дрво податочната структура, прво потребно е да се дефинира класа јазол (`Node`), којашто претставува основен градбен елемент на дрво податочната структура. јазолот е дефиниран со класата `Node` во која се чува вредност на јазолот (знакот, `value`) и референци кон неговите деца-јазли. За чување на референците на деца-јазлите се користи мапа во која клуч е знакот запишан во дете-јазолот, а вредност е објект од класата `Node` што го претставува соодветниот дете-јазол. Мапата е од тип `TreeMap` со цел клучевите да бидат лексикографски подредени. На тој начин како резултат од изминувањето на дрвото во методот `complete` се добие листа од лексикографски подредени зборови. Податочната структура `Trie` е претставена само преку јазолот-корен.

1. `void addString(String word)` - За да се имплементира овој метод креиран е помошниот метод `void addStringRecursive(Node node, String word, int position)` со следните аргументи:
   - Првиот аргумент се однесува на јазолот којшто моментално се проверува и овој аргумент се менува постојано во секој рекурзивен повик.
   - Вториот аргумент го означува зборот кој се додава во структурата `Trie` и истиот е константен, односно не се менува низ рекурзивните повици.
   - Третиот аргумент е позицијата на буквата од зборот којашто се процесира. Позицијата се менува низ секој рекурзивен повик.

Прво, методот се повикува за коренот на дрвото и за позиција 0 (првата буква). Методот рекурзивно се извршува сè додека позицијата не се изедначи со бројот на букви во зборот, односно, сè додека не се поминати сите букви од зборот. Доколку јазолот `node` има дете со вредност иста како буквата што се наоѓа на позиција `position`, тогаш методот се повикува рекурзивно за детето-јазол. Доколку јазолот `node` нема дете-јазол со вредност иста како буквата на позиција `position`, тогаш методот се повикува рекурзивно на ново-креирано дете јазол со вредност еднаква на буквата на позиција `position`. На овој начин дрвото од тип `Trie` рекурзивно се полни за секој додаден збор.

2. `List<String> complete(String word)` - Во методот `complete` прво се бара јазолот во кој се наоѓа последната буква од зборот `word`, проверувајќи ги сите претходни букви од зборот. За таа цел, јазолот `prefixNode` се поставува првично на коренот на дрвото. Потоа, се итерираат сите букви од зборот и се бара детето на `prefixNode` со вредност како таа буква. Доколку не се најде дете јазол со таква вредност (методот `getChid` врати `null`), тоа значи дека во дрвото нема запишано збор со префикс `word` и се враќа празна листа како резултат. Доколку се врати јазол различен од `null`, тој јазол се запишува во `prefixNode` и постапката продолжува со следната буква од зборот. Откако е најден јазолот во кој се наоѓа последната буква од зборот `word`, се повикува помошниот рекурзивен метод `searchWordsFromNode(String word, Node node, List<String> results)` со следните аргументи:
   - Првиот аргумент е зборот кој го пребаруваме. Тоа е почетниот префикс за сите зборови кои се додадени во структурата. Истиот се менува низ секој рекурзивен повик на тој начин што му се додава буквата, којашто е запишана во јазолот кој се процесира. Зборот целосно се оформува кога ќе стигнеме до јазол-лист во дрвото.
   - Вториот аргумент е јазолот кој се процесира
   - Третиот аргумент е листата од сите зборови со префикс `word` кои се дел од изградената `Trie` структурата.

   Методот `searchWordsFromNode` е помошен метод којшто се повикува во `complete` методот. Истиот овозможува креирање на зборовите кои се дел од `Trie` структурата.

```
1  import java.util.*;
2
3  class Node {
4      Character value;
5      Map<Character, Node> children;
6
7      public Node() {
8          value = ' ';
9          children = new TreeMap<>();
10     }
11
12     public Node(Character value) {
13         this();
14         this.value = value;
15     }
16
17     public Node getChild(Character c) {
18         return children.get(c);
19     }
20
21     public char getValue() {
```

```
22          return value;
23      }
24
25      public Node addChild(char c) {
26          Node node = new Node(c);
27          children.put(c, node);
28          return node;
29      }
30
31      @Override
32      public String toString() {
33          return toString(this, 0);
34      }
35
36      public static String toString(Node node, int level) {
37          StringBuilder sb = new StringBuilder();
38          for (int i = 0; i < level; i++)
39              sb.append("-");
40          sb.append(node.value).append("\n");
41          node.children.values().forEach(children -> sb
42                  .append(Node.toString(children, level + 1)));
43          return sb.toString();
44      }
45
46      public boolean hasChildren() {
47          return children.size() != 0;
48      }
49
50      public boolean hasChild(char c) {
51          return (children.get(c) != null);
52      }
53  }
54
55  class Trie {
56
57      Node root;
58
59      public Trie() {
60          root = new Node();
61      }
62
63      public void addString(String word) {
64          addStringRecursive(root, word, 0);
65      }
66
67      public static void addStringRecursive(Node node, String word,
68                                            int position) {
69          if (position != word.length()) {
70              char c = word.charAt(position);
71              if (node.hasChild(c)) {
72                  addStringRecursive(node.getChild(c), word,
73                          position + 1);
74              } else {
75                  addStringRecursive(node.addChild(c), word,
76                          position + 1);
77              }
78          }
79      }
80
81      List<String> complete(String word) {
82          Node prefixNode = root;
```

```
83          List<String> results = new ArrayList<>();
84          for (int i = 0; i < word.length(); i++) {
85              if (!prefixNode.hasChild(word.charAt(i)))
86                  return new ArrayList<>();
87              prefixNode = prefixNode.getChild(word.charAt(i));
88          }
89          searchWordsFromNode(word, prefixNode, results);
90          return results;
91      }
92
93      public void searchWordsFromNode(String word, Node node,
94                                      List<String> results) {
95          if (!node.hasChildren()) {
96              results.add(word);
97          } else {
98              for (char c : node.children.keySet()) {
99                  searchWordsFromNode(word + c, node.getChild(c),
100                         results);
101             }
102         }
103     }
104
105     @Override
106     public String toString() {
107         return root.toString();
108     }
109 }
110
111 public class TrieTest {
112
113     public static void main(String[] args) {
114
115         Trie trie = new Trie();
116
117         List<String> completeWords = new ArrayList<>();
118         boolean complete = false;
119
120         Scanner scanner = new Scanner(System.in);
121         while (scanner.hasNext()) {
122             String word = scanner.next();
123             if (word.equals("COMPLETE:")) {
124                 complete = true;
125                 continue;
126             }
127             if (complete) {
128                 completeWords.add(word);
129             } else {
130                 trie.addString(word);
131             }
132         }
133         scanner.close();
134
135         for (String word : completeWords) {
136             System.out.println(word);
137             List<String> completedWords = trie.complete(word);
138             System.out.println(completedWords);
139         }
140     }
141 }
```

Проблем 4.13 Да се имплементира класа `UserGroups` во која ќе се чуваат информациите за корисници (имиња) и групите во кои тие се членови.

Во класата да се имплементираат следните методи:

- `void addUsers(String[] users, String[] groups)` - метод за додавање на корисниците (низите `users` и `groups` се со иста должина и за секој корисник на истиот индекс во низата `groups` е групата во која припаѓа.
- `void setParentGroups(String[] groups, String[] parentGroups)` - во овој метод на група од низата `groups` се поставува родител-група од `parentGroups`. Ова означува дека сите корисници кои се членови на некоја група `group` треба да бидат членови и на евентуалниот родител на оваа група (ако го има).
- `void printUsers()` - се печатат сите корисници подредени според бројот во името во растечки редослед и групите во кои припаѓа, разделени со запирка
- `void printGroups()` - се печатат сите групи подредени лексикографски и сите корисници во групата разделени со запирка.

Напомена: Имињата на корисниците се уникатни. ■

При решавање на овој проблем (како и за сите други), прво треба да одлучиме кои податочни структури ќе се користат за чување и менаџирање со корисниците на системот и групите заедно со нивните членови. Со цел да се покаже употребата на мапа податочната структура, корисниците независно се чуваат во една мапа (`users` , каде што клучот е името на корисникот, а вредност е објект од класата `User`). Корисниците по групи се чуваат во друга мапа (`groups` , каде што клучот е името на групата, а вредност е множество од сите корисници кои се дел од таа група). Имплементацијата којашто се користи за мапата `groups` (`TreeMap`) е со цел паровите од клуч и вредност да се чуваат подредени според вредноста на клуч. Односно, според името на групата (во согласност со поставеното барање во функцијата `printGroups()` .

Дополнително, за секој корисник се чува информација за групите во кои корисникот припаѓа. Групите на корисникот се чуваат во подредено множество (`TreeSet`), со цел истите да бидат лексикографски подредени за потребите на методот за печатење `printGroups()` .

Во методот `printUsers()` сите корисници од мапата се додаваат во подредено множество (`TreeSet`) за да се подредат според името на корисникот.

```
1  import java.util.*;
2
3  class UserGroups {
4      Map<String, User> users;
5      Map<String, Set<User>> groups;
6
7      public UserGroups() {
8          users = new HashMap<>();
9          groups = new TreeMap<>();
10     }
11
12     public void addUsers(String[] users, String[] groups) {
13         for (int i = 0; i < users.length; ++i) {
14             User user = new User(users[i]);
15             user.addGroup(groups[i]);
16             this.users.put(users[i], user);
17             Set<User> groupUsers = this.groups.get(groups[i]);
18             if (groupUsers == null) {
19                 groupUsers = new TreeSet<>();
20             }
```

```
            groupUsers.add(user);
            this.groups.put(groups[i], groupUsers);
        }
    }

    public void setParentGroups(String[] groups,
                                String[] parentGroups) {
        for (int i = 0; i < groups.length; ++i) {
            Set<User> users = this.groups.get(groups[i]);
            Set<User> pgUsers = this.groups.get(parentGroups[i]);
            if (users != null && pgUsers != null) {
                pgUsers.addAll(users);
                for (User user : users) {
                    user.groups.add(parentGroups[i]);
                }
            }
        }
    }

    public void printUsers() {
        TreeSet<User> users = new TreeSet<>(this.users.values());
        for (User user : users) {
            System.out.println(user);
        }
    }

    public void printGroups() {
        for (String group : groups.keySet()) {
            System.out.print(group);
            System.out.print(" : ");
            int i = 0;
            Set<User> users = groups.get(group);
            for (User user : users) {
                System.out.print(user.name);
                if (++i != users.size()) {
                    System.out.print(", ");
                }
            }
            System.out.println();
        }
    }
}

class User implements Comparable<User> {
    String name;
    int number;
    Set<String> groups;

    public User(String name) {
        this.name = name;
        number = Integer.parseInt(name.split("_")[1]);
        this.groups = new TreeSet<>();
    }

    public void addGroup(String name) {
        this.groups.add(name);
    }

    @Override
    public String toString() {
        StringBuilder res = new StringBuilder();
```

```
82          res.append(name);
83          res.append(" : ");
84          for (String g : groups) {
85              res.append(g);
86              res.append(", ");
87          }
88          res.delete(res.length() - 2, res.length());
89          return res.toString();
90      }
91
92      @Override
93      public int compareTo(User o) {
94          return Integer.compare(number, o.number);
95      }
96  }
97
98  public class UserGroupsTest {
99      public static void main(String[] args) {
100         Scanner scanner = new Scanner(System.in);
101         UserGroups userGroups = new UserGroups();
102         int n = scanner.nextInt();
103         scanner.nextLine();
104         String[] users = new String[n];
105         String[] groups = new String[n];
106         for (int i = 0; i < n; ++i) {
107             String[] parts = scanner.nextLine().split(":");
108             users[i] = parts[0];
109             groups[i] = parts[1];
110         }
111         userGroups.addUsers(users, groups);
112         n = scanner.nextInt();
113         scanner.nextLine();
114         String[] groups1 = new String[n];
115         String[] parentGroups = new String[n];
116         for (int i = 0; i < n; ++i) {
117             String[] parts = scanner.nextLine().split(":");
118             groups1[i] = parts[0];
119             parentGroups[i] = parts[1];
120         }
121         userGroups.setParentGroups(groups1, parentGroups);
122         System.out.println("--- USERS ---");
123         userGroups.printUsers();
124         System.out.println("--- GROUPS ---");
125         userGroups.printGroups();
126         scanner.close();
127     }
128 }
```

Проблем 4.14 Да се имплементира класа за именик `PhoneBook` со следните методи:

- `void addContact(String name, String number)` - додава нов контакт со име и број во именикот. Ако се обидеме да додадеме контакт со веќе постоечки број, треба да се фрли исклучок од класа `DuplicateNumberException` со порака `Duplicate number: [number]`. Комплексноста на овој метод не треба да надминува $O(logN)$ за N контакти.
- `void contactsByNumber(String number)` - ги печати сите контакти кои во бројот го содржат бројот пренесен како аргумент во методот (минимална

должина на бројот [number] е 3). Комплексноста на овој метод не треба да надминува $O(NlogN)$ за N контакти.

- `void contactsByName(String name)` - ги печати сите контакти кои даденото име. Комплексноста на пристапот до контактите со име `name` треба да биде $O(1)$.

Во двата методи контактите се печатат сортирани лексикографски според името, а оние со исто име и потоа според бројот. ■

За да се избегне додавање на дупликати телефонски броеви со методот `addContact(String name, String number)` од класата `PhoneBook`, телефонските броеви треба да се чуваат во множество. Бидејќи немаме барање за подредување на телефонските броеви во функционалните барања, телефонските броеви ќе бидат чувани во `HashSet`, чија комплексноста за пристап до елемент е $O(1)$.

Од барањата за методот `contactsByNumber(String number)` може да се заклучи дека телефонските броеви треба да се чуваат во посебна податочна структура, каде истите ќе бидат групирани според сите можни комбинации од 3-цифрени до 9-цифрени броеви кои се дел од самите броеви (пр. телефонскиот број 076123456 ги содржи следните комбинации на цифри од 3-цифрени до 9-цифрени броеви: 076, 761, 612, 123, 234, 345, 456, 0761, 7612, ..., 07612345, 76123456, 076123456). За таа цел, телефонските броеви/контактите се чуваат во мапа во која клуч ќе бидат сите 3-9 цифрени комбинации на броеви од броевите што се додаваат во методот `addContact`. Вредност ќе биде подредено множество од објекти од класата `Contact` чиј телефонски број го содржи клучот. Мапата е од тип `HashMap` и гарантира комплексноста од $O(1)$ за пристап до броевите што го содржат бројот `number`. Бидејќи множеството е подредено (`TreeSet`), комплексноста за печатење на контактите е $O()$ каде е бројот на пронајдени контакти и $<= N$ (контактите се веќе индексирани според пребарувачкиот критериум).

За потребите на методот `contactsByName(String name)` контактите треба да се индексираат според нивното име. Индексирачката податочна структура е мапа во која клуч е името на контактот, а вредност е подредено множество од сите контакти со име `name`. Мапата е од тип `HashMap` која гарантира комплексност од $O(1)$ за пристап до контактите со име `name`.

За да се постигне целосна функционалност при додавање на нови контакти со методот `addContact(String name, String number)`, сите податочни структури мора да се пополнат и обноват во согласност со новодобиените податоци.

```
1  import java.util.ArrayList;
2  import java.util.HashMap;
3  import java.util.HashSet;
4  import java.util.List;
5  import java.util.Scanner;
6  import java.util.Set;
7  import java.util.TreeMap;
8  import java.util.TreeSet;
9
10 class PhoneBook {
11     TreeMap<String, Set<Contact>> contactsNumber;
12     HashMap<String, Set<Contact>> contactsName;
13     HashSet<String> numbers;
14
15     public PhoneBook() {
16         contactsNumber = new TreeMap<String, Set<Contact>>();
17         contactsName = new HashMap<String, Set<Contact>>();
18         numbers = new HashSet<String>();
```

```
19      }
20
21      public void addContact(String name, String number)
22              throws DuplicateNumberException {
23          if (numbers.contains(number)) {
24              throw new DuplicateNumberException(number);
25          }
26          numbers.add(number);
27          Contact contact = new Contact(name, number);
28          List<String> keys = contact.getPhoneKeys();
29          for (String key : keys) {
30              Set<Contact> contacts = contactsNumber.get(key);
31              if (contacts == null) {
32                  contacts = new TreeSet<Contact>();
33                  contactsNumber.put(key, contacts);
34              }
35              contacts.add(contact);
36          }
37          Set<Contact> nameContacts = contactsName.get(name);
38          if (nameContacts == null) {
39              nameContacts = new TreeSet<Contact>();
40              contactsName.put(name, nameContacts);
41          }
42          nameContacts.add(contact);
43      }
44
45      public void contactsByNumber(String number) {
46          Set<Contact> contacts = contactsNumber.get(number);
47          if(contacts == null) {
48              System.out.println("NOT FOUND");
49              return;
50          }
51          for (Contact contact : contacts) {
52              System.out.println(contact);
53          }
54      }
55
56      public void contactsByName(String name) {
57          Set<Contact> contacts = contactsName.get(name);
58          if(contacts == null) {
59              System.out.println("NOT FOUND");
60              return;
61          }
62          for (Contact contact : contacts) {
63              System.out.println(contact);
64          }
65      }
66  }
67
68  class Contact implements Comparable<Contact> {
69      String name;
70      String number;
71
72      public Contact(String name, String number) {
73          this.name = name;
74          this.number = number;
75      }
76
77      @Override
78      public String toString() {
79          return String.format("%s %s", name, number);
```

```
80      }
81
82      public List<String> getPhoneKeys() {
83          List<String> keys = new ArrayList<String>();
84          int len = number.length();
85          for (int i = 0; i <= len - 3; ++i) {
86              for (int j = i + 3; j <= len; ++j) {
87                  String key = number.substring(i, j);
88                  keys.add(key);
89              }
90          }
91          return keys;
92      }
93
94      @Override
95      public int compareTo(Contact o) {
96          if (name.equals(o.name)) {
97              return number.compareTo(o.number);
98          }
99          return name.compareTo(o.name);
100     }
101
102 }
103
104 class DuplicateNumberException extends Exception {
105     public DuplicateNumberException(String number) {
106         super(String.format("Duplicate number: %s", number));
107     }
108 }
109
110 public class PhoneBookTest {
111     public static void main(String[] args) {
112         PhoneBook phoneBook = new PhoneBook();
113         Scanner scanner = new Scanner(System.in);
114         int n = scanner.nextInt();
115         scanner.nextLine();
116         for (int i = 0; i < n; ++i) {
117             String line = scanner.nextLine();
118             String[] parts = line.split(":");
119             try {
120                 phoneBook.addContact(parts[0], parts[1]);
121             } catch (DuplicateNumberException e) {
122                 System.out.println(e.getMessage());
123             }
124         }
125         while (scanner.hasNextLine()) {
126             String line = scanner.nextLine();
127             System.out.println(line);
128             String[] parts = line.split(":");
129             if (parts[0].equals("NUM")) {
130                 phoneBook.contactsByNumber(parts[1]);
131             } else {
132                 phoneBook.contactsByName(parts[1]);
133             }
134         }
135     }
136 }
```

Проблем 4.15 Да се имплементира паркинг-системот на еден град. За таа цел треба да се имплементираат класите:

- `ParkingSector` во која се чуваат информации за:
  - кодот на секторот `String`
  - бројот на паркинг-места `int`
  - сите автомобили (регистрации) во овој сектор `?`
- `CityParking` во која се чуваат информации за:
  - името на градот `String`
  - и сите паркинг-сектори во тој град `?`

Во класата `CityParking` треба да се имплементираат следните методи:

- `CityParking(String name)` конструктор со аргумент име на градот
- `void createSectors(String[] sectorNames, int[] counts)` креирање на паркинг-сектори со имиња `String[] sectorNames` и број на паркинг-места `int[] counts` (двете низи се со иста големина)
- `void addCar(String sectorName, int spotNumber, String rNumber)` за додавање автомобил со регистрација `rNumber` на позиција `spotNumber` (притоа ако позицијата не е во опсегот од $1 \leq$ `spotNumber` $\leq$ број-на-паркинг-места. Треба да се фрли исклучок од тип `InvalidSpotNumberException`, ако позицијата е зафатена од некој друг автомобил тогаш се фрла исклучок од тип `SpotTakenException`. Ако не постои сектор со даденото име, се фрла исклучок од тип `NoSuchSectorException`)
- `void findCar(String registrationNumber)` за печатење на секторот и бројот на местото каде што е паркиран автомобилот со дадената регистрација (ако не се пронајде таков автомобил се фрла исклучок од тип `CarNotFoundException`) Забелешка: комплексноста на методот не треба да биде поголема од $O(logN)$
- `toString()` враќа стринг во формат:

```
Ime_na_grad

Kod_na_sektor : zafateni_mesta/parking_mesta  //za site sektori vo nov red
```

Во класата `ParkingSector` треба да се имплементираат следните методи:

- `ParkingSector(String code, int count)` конструктор со аргументи код на секторот и број на слободни места
- и останати потребни методи за имплементација на претходната класа...

■

Во класата `ParkingSector` автомобилите/регистрациите се чуваат во мапа (`spots`) во која клуч е редниот број на паркинг-местото (од 1(еден) до бројот на паркинг места), а вредност е регистрацијата на паркираното возило на тоа паркинг-место. Мапата е од тип `HashMap` што гарантира комплексност од $O(1)$ при проверка за пополнетост на паркинг-место. За проверка дали возило со дадена регистрација е паркирано во секторот, дополнително се користи инверзна мапа (`index`) во која клуч е регистрацијата на возилото, а вредност е редниот број на паркинг-местото).

Во класата `CityParking` , паркинг-секторите се чуваат во мапа (`sectors`) во која клуч е кодот на секторот, а вредност е објект од класата `ParkingSector` . Оваа мапа е од

тип `TreeMap` , со цел паровите (клуч, вредност) да бидат подредени според вредноста на клучот, односно според кодот на паркинг-секторот. Во оваа класа дополнително се чува и мапа (`index`) во која клуч е бројот на регистрацијата, а вредност е паркинг-секторот каде што е паркирано возилото со регистрација иста како клучот (објект од тип `ParkingSector`). Мапата `index` е од тип `HashMap` и истата гарантира комплексност од $O(1)$ за пристап до паркинг-секторот во кој е паркирано возилото.

Бидејќи комплексноста за пристап до паркинг секторот каде е паркирано некое возило е $O(1)$ и комплексноста за пристап до редниот број на паркинг местото во секторот каде е паркирано возилото е $O(1)$, вкупната комплексност на методот `findCar(String registrationNumber)` изнесува исто така $O(1)$.

```
import java.util.HashMap;
import java.util.Map;
import java.util.Map.Entry;
import java.util.Scanner;
import java.util.TreeMap;

class ParkingSector {
    private String code;
    private int count;
    private Map<Integer, String> spots;
    private Map<String, Integer> index;

    public ParkingSector(String code, int count) {
        this.code = code;
        this.count = count;
        this.spots = new HashMap<Integer, String>();
        this.index = new HashMap<String, Integer>();
    }

    public void addCar(int spotNumber, String registrationNumber)
            throws InvalidSpotNumberException, SpotTakenException {
        if (spotNumber <= 0 || spotNumber > count) {
            throw new InvalidSpotNumberException();
        }
        if (spots.containsKey(spotNumber)) {
            throw new SpotTakenException();
        }
        spots.put(spotNumber, registrationNumber);
        index.put(registrationNumber, spotNumber);
    }

    public int findSpotNumber(String registrationNumber)
            throws CarNotFoundException {
        if (index.containsKey(registrationNumber)) {
            return index.get(registrationNumber);
        }
        throw new CarNotFoundException(registrationNumber);
    }

    public void clearSpot(int spotNumber) {
        spots.remove(spotNumber);
    }

    public String getCode() {
        return this.code;
    }

    public Map<Integer, String> getSpots() {
```

```
49          return spots;
50      }
51
52      @Override
53      public String toString() {
54          return String.format("%s : %d/%d", code, spots.size(), count);
55      }
56
57  }
58
59  class InvalidSpotNumberException extends Exception {
60      public InvalidSpotNumberException() {
61          super("Invalid spot number");
62      }
63  }
64
65  class SpotTakenException extends Exception {
66      public SpotTakenException() {
67          super("Spot is taken already!");
68      }
69  }
70
71  class CityParking {
72      private String name;
73      private Map<String, ParkingSector> sectors;
74      private Map<String, ParkingSector> index;
75
76      public CityParking(String name) {
77          this.name = name;
78          this.sectors = new TreeMap<String, ParkingSector>();
79          this.index = new HashMap<String, ParkingSector>();
80      }
81
82      public void createSectors(String[] sectorNames, int[] counts) {
83          for (int i = 0; i < sectorNames.length; ++i) {
84              ParkingSector parkingSector =
85                      new ParkingSector(sectorNames[i],
86                              counts[i]);
87              sectors.put(parkingSector.getCode(), parkingSector);
88          }
89      }
90
91      public void addCar(String sectorName, int spotNumber,
92                         String registrationNumber)
93              throws InvalidSpotNumberException,
94              SpotTakenException, NoSuchSectorException {
95          ParkingSector parkingSector = sectors.get(sectorName);
96          if (parkingSector != null) {
97              parkingSector.addCar(spotNumber, registrationNumber);
98              index.put(registrationNumber, parkingSector);
99          } else {
100             throw new NoSuchSectorException(sectorName);
101         }
102     }
103
104     public void findCar(String registrationNumber)
105             throws CarNotFoundException {
106         if (index.containsKey(registrationNumber)) {
107             ParkingSector parkingSector =
108                     index.get(registrationNumber);
109             int spotNumber =
```

```
                    parkingSector.findSpotNumber(registrationNumber);
            System.out.println(String.format("%s : %d",
                    parkingSector.getCode(), spotNumber));
        } else {
            throw new CarNotFoundException(registrationNumber);
        }
    }

    @Override
    public String toString() {
        StringBuilder sb = new StringBuilder();
        sb.append(name);
        sb.append("\n");
        for (Entry<String, ParkingSector> sector : sectors
                .entrySet()) {
            sb.append(sector.getValue().toString());
            sb.append("\n");
        }
        return sb.toString();
    }
}

class NoSuchSectorException extends Exception {
    public NoSuchSectorException(String sectorName) {
        super(String.format("No sector with name %s", sectorName));
    }
}

class CarNotFoundException extends Exception {
    public CarNotFoundException(String registrationNumber) {
        super(String.format("Car with RN %s not found",
                registrationNumber));
    }
}

public class ParkingTest {
    public static void main(String[] args) {
        Scanner scanner = new Scanner(System.in);
        int n = scanner.nextInt();
        scanner.nextLine();
        String[] sectorNames = new String[n];
        int[] counts = new int[n];
        for (int i = 0; i < n; ++i) {
            String[] parts = scanner.nextLine().split(" ");
            sectorNames[i] = parts[0];
            counts[i] = Integer.parseInt(parts[1]);
        }
        String name = scanner.nextLine();
        CityParking cityParking = new CityParking(name);
        cityParking.createSectors(sectorNames, counts);
        n = scanner.nextInt();
        scanner.nextLine();
        for (int i = 0; i < n; ++i) {
            String[] parts = scanner.nextLine().split(" ");
            String sectorName = parts[0];
            int spotNumber = Integer.parseInt(parts[1]);
            String registrationNumber = parts[2];
            try {
                cityParking.addCar(sectorName, spotNumber,
                        registrationNumber);
            } catch (InvalidSpotNumberException e) {
```

```
171                 System.out.println(e.getMessage());
172             } catch (SpotTakenException e) {
173                 System.out.println(e.getMessage());
174             } catch (NoSuchSectorException e) {
175                 System.out.println(e.getMessage());
176             }
177         }
178         n = scanner.nextInt();
179         scanner.nextLine();
180         for (int i = 0; i < n; ++i) {
181             String registrationNumber = scanner.nextLine();
182             try {
183                 cityParking.findCar(registrationNumber);
184             } catch (CarNotFoundException e) {
185                 System.out.println(e.getMessage());
186             }
187         }
188         System.out.println(cityParking);
189     }
190 }
```

5. Stream API

Апликацискиот програмски интерфејс за потоци (Stream API) е додаден во Јава 8 за да се олесни последователното и паралелното извршување на операциите. Овој интерфејс обезбедува две клучни апстракции: поток од податоци, што претставува конечна или бесконечна низа на елементи и поточни операции за процесирање на потокот од елементи. Како Потокот од елементи може да биде креиран на повеќе различни начини. Вообичаено потоците од елементи се креираат од колекции, низи, датотеки, генератори на псевдослучајни броеви и други. Елементите во потокот може да бидат инстанци на примитивни податочни типови или референцни типови. Од примитивните податочни типови поддржани се `int` , `long` и `double` . Процесирачките операции може да бидат класични и терминални. Класичните операции го трансформираат влезниот поток од елементи во друг поток од елементи од ист или различен тип (пропуштање на одредени елементи кои задоволуваат одреден услов или мапирање на елементи со помош на некоја функција). Терминалните операции се последните операции коишто се спроведуваат на потокот од елементи добиен како резултат од последната класична операција (агрегација на сите елементи од потокот во единствена вредност, односно колекција од елементи или печатење на сите елементи). Евалуацијата на класичните операции не започнувам додека не биде поставена терминална операција.

Проблем 5.1 Да се имплементира апликација за евидентирање на оценките на студентите на еден факултет. Студентите на факултетот може да бидат запишани на тригодишни или четиригодишни студии. Во текот на студиите, студентите имаат два семестри во секоја година и во секој од семестрите имаат по најмногу три предмети. За таа цел, дефинирајте класа `Faculty` во којашто ќе чувате информации за студентите и нивните оценки во сите семестри. За класата да се имплементираат:

- `Faculty()` - предефиниран конструктор
- метод `void addStudent(String id, int yearsOfStudies)` за додавање на студент на факултетот со индекс `ID` и години на студии `yearsOfStudies` .

- метод `void addGradeToStudent(String studentId, int term, String courseName, int grade)` - за додавање на оцена по предметот `courseName` на студентот со индекс `studentId` во семестар `term`.
- Со помош на исклучок од тип `OperationNotAllowedException` да се спречи додавање на повеќе од 3(три) оценки по семестар. Во таков случај да се испечати порака од формат:

  ```
  Student [studentID] already has 3 grades in term [term]
  ```

  Со истиот тип на исклучок да се спречи додавање на оценка во семестар поголем од 6(шест) за тригодишни студии, односно во семестар поголем од 8(осум) за четиригодишни студии. Во овој случај да се испечати порака:

  ```
  Term [term] is not possible for student with ID [studentId]
  ```

- Да се детектира дипломирање на студентот. Студентот дипломира тогаш кога ќе положи 18(осумнаесет) или 24(дваесет и четири) предмети во зависност од тоа колку години студира. Во моментот на дипломирање на студентот истиот треба да се избрише од евиденцијата и да се зачува лог за него во формат:

  ```
  Student with ID [studentID] graduated with average grade
  [averageGrade] in [yearsOfStudies] years
  ```

- Метод `String getFacultyLogs ()` - што ќе ги врати логовите за дипломираните студенти.
- Метод `String getDetailedReportForStudent (String id)` - метод што ќе врати детален извештај студентот со индекс id. Пристапот до студентот со индекс ИД да има комплексност `O(1)`! Деталниот извештај е во формат:

  ```
  Student: [id]
  Term 1:
  Courses for term: [count]
  Average grade for term: [average]
  ...
  .....
  Term n:
  Courses: [count]
  Average grade for term: [average]
  Average grade: [average grade for student]
  Courses attended: [all-attended-courses, comma-separated]
  ```

- Метод `void printFirstNStudents (int n)` - метод којшто ќе испечати краток извештај за најдобрите `n` студенти (според бројот на положени предмети, а доколку е ист бројот на положени предмети според просечната оцена), подредени во опаѓачки редослед. Краткиот извештај треба да го има следниот формат:

  ```
  Student: [id] Courses passed: [coursesPassed] Average grade:
  [averageGrade]
  ```

- Метод `void printCourses ()` - метод којшто ќе ги испечати сите предмети во следниот формат:

  `[course_name] [count_of_students] [average_grade]}`

  Предметите треба да бидат подредени според бројот на слушатели, а доколку тој број е ист, според просечната оцена.

Во решението на оваа задача потребно е да се употреби наследување и полиморфизам со цел да се имплементира барањето за постоење на студент од тригодишни или четиригодишни студии (дадена е дефиниција на класите `StudentOnThreeYearStudies` и `StudentOnFourYearStudies`). За да се овозможи групирање на оценките по семестар, како и подредување на семестрите според редниот број во растечки редослед, оценките на секој студент се чуваат во колекција `TreeMap` . Таму клучот е цел број што означува реден број на семестарот, а вредноста е листа од цели броеви што ги претставува сите оцени на студентот во соодветниот семестар. За да се овозможи лексикографско подредување на предметите што секој студент ги има слушано, имињата на предметите се чуваат во подредено множество `TreeSet` .

Во продолжение се објаснети дел од методите со посебен акцент на `stream` операторите:

- Методот `double averageGrade()` во класата `Student` - Во овој метод прво се креира поток од вредностите од мапата со оцени по семестри `gradesByTerm` . Потоа се користи операторот `flatMap(Collections::stream)` за да се постигне израмнување на потокот од листи од цели броеви во поток од цели броеви. Како резултат од овие два оператори се добива `Stream<Integer>` . За да се искористи постоечкиот оператор за пресметување на средна вредност `average()` потребно е потокот од податоци да биде конвертиран во `IntStream` со помош на методот `mapToInt` .
- Методот `double averageGrade()` во класата `Student` - Во овој метод се користи аналоген пристап како и во претходниот метод со единствена разлика што тука се земаат само оценките за конкретен семестар од мапата `gradesByTerm` . На тој начин директно се добива поток од цели броеви и нема потреба од повикување на операторот `flatMap` за израмнување на потокот.
- Методот `printFirstNStudents(int n)` во класата `Faculty` - Во овој метод прво се креира компаратор за студенти што се користи за подредување на студентите. Потоа, сите студенти се додаваат во подередено множество `TreeSet` со цел студентите да се чуваат подредени според дефинираниот компаратор. Од подреденото множество се креира поток на студенти и од истиот со помош на операторот `limit` се земаат првите `N` . Со операторот `forEach` студентите кои се добиваат како резултат од претходната операција, се печатат во нов ред.
- Методот `printCourses()` во класата `Faculty` - Овој метод ја следи истата парадигма како и претходниот метод (`printFirstNStudents(int n)`). Прво се креира компаратор за споредување и подредување на курсевите во резултантното множество. Потоа, со операторот `forEach` секој курс директно се печати во нов ред.

```
1 import java.util.*;
2 import java.util.function.Function;
3 import java.util.stream.Collectors;
```

```
4  import java.util.stream.IntStream;
5
6  class OperationNotAllowedException extends Exception {
7      OperationNotAllowedException(String message) {
8          super(message);
9      }
10 }
11
12 abstract class Student {
13     String id;
14     Map<Integer, List<Integer>> gradesByTerm;
15     Set<String> courses;
16
17     public Student(String id) {
18         this.id = id;
19         gradesByTerm = new TreeMap<>();
20         courses = new TreeSet<>();
21     }
22
23     String getGraduationLog() {
24         return String
25                 .format("Student with ID %s graduated with average " +
26                         "grade %.2f", id, averageGrade());
27     }
28
29     double averageGrade() {
30         return gradesByTerm.values().stream()
31                 .flatMap(Collection::stream)
32                 .mapToInt(i -> i)
33                 .average()
34                 .orElse(5.0);
35     }
36
37     double averageGradeForTerm(int term) {
38         return gradesByTerm.get(term).stream()
39                 .mapToInt(i -> i)
40                 .average()
41                 .orElse(5.0);
42     }
43
44     abstract boolean addGrade(int term, String courseName, int grade)
45             throws OperationNotAllowedException;
46
47     void validate(int term) throws OperationNotAllowedException {
48         if (!gradesByTerm.containsKey(term))
49             throw new OperationNotAllowedException(String.format(
50                     "Term %d is not possible for student with ID %s",
51                     term,
52                     id));
53         if (gradesByTerm.get(term).size() == 3)
54             throw new OperationNotAllowedException(String.format(
55                     "Student %s already has 3 grades in term %d", id,
56                     term));
57     }
58
59     int countOfCoursesPassed() {
60         return gradesByTerm.values().stream()
61                 .mapToInt(List::size)
62                 .sum();
63     }
64
```

```
65      public String getDetailedReport() {
66          StringBuilder sb = new StringBuilder();
67          sb.append(String.format("Student: %s\n", id));
68          gradesByTerm.keySet().forEach(
69                  term -> sb.append(getTermReport(term)).append("\n"));
70          sb.append(
71                  String.format(
72                          "Average grade: %.2f\nCourses attended: %s",
73                          averageGrade(),
74                          String.join(",", courses)
75                  ));
76          return sb.toString();
77      }
78
79      public String getShortReport() {
80          return String
81                  .format("Student: %s Courses passed: " +
82                                  "%d Average grade: %.2f",
83                          id,
84                          countOfCoursesPassed(),
85                          averageGrade());
86      }
87
88      String getTermReport(int term) {
89          return String
90                  .format("Term %d\nCourses: " +
91                                  "%d\nAverage grade for term: %.2f",
92                          term,
93                          gradesByTerm.get(term).size(),
94                          averageGradeForTerm(term)
95                  );
96      }
97
98      String getId() {
99          return id;
100     }
101 }
102
103 class StudentOnThreeYearsStudies extends Student {
104
105     public StudentOnThreeYearsStudies(String id) {
106         super(id);
107         IntStream.range(1, 7).forEach(
108                 i -> gradesByTerm.putIfAbsent(i, new ArrayList<>()));
109     }
110
111     @Override
112     boolean addGrade(int term, String courseName, int grade)
113             throws OperationNotAllowedException {
114         validate(term);
115         gradesByTerm.get(term).add(grade);
116         courses.add(courseName);
117         return countOfCoursesPassed() == 18;
118     }
119
120     @Override
121     String getGraduationLog() {
122         return super.getGraduationLog() + " in 3 years.";
123     }
124 }
125
```

```
126 class StudentOnFourYearsStudies extends Student {
127
128     public StudentOnFourYearsStudies(String id) {
129         super(id);
130         IntStream.range(1, 9).forEach(
131                 i -> gradesByTerm.putIfAbsent(i, new ArrayList<>()));
132     }
133
134     @Override
135     boolean addGrade(int term, String courseName, int grade)
136             throws OperationNotAllowedException {
137         validate(term);
138         gradesByTerm.get(term).add(grade);
139         courses.add(courseName);
140         return countOfCoursesPassed() == 24;
141     }
142
143     @Override
144     String getGraduationLog() {
